# С О Д Р Ж И Н А


*ДАНОК НА ДОБИВКА*

- ***Примена на Законот за данокот на добивка и Законот за данок на личен доход за време на вонредната состојба......5***

*ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ*

- ***Права и обврски на работникот и работодавачот во услови на вонредна состојба......19***
- ***Закон за игри на среќа......37***
- ***Финансиска подршка за спортисти стручни лица од областа на спортот и спортската администрација и за самостојните уметници за време на вонредна состојба......46***

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- ***Законски мерки за справување со последиците врз економијата од корона вирусот COVID-19......56***

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- ***Плати за месец Април 2020 година......70***
- ***Коефициент на МДБ за Март 2020 година......91***
- ***Коефициенти на пораст на цените за месец Март 2020 година......92***
- ***Цени на гориво ......94***
- ***Референтна каматна стапка за вонредна состојба......103***
- ***Курсни листи ......105***

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ......115***

## *ДАНОК НА ДОБИВКА*

***дипл. економист: Ромео Костадинов***

# *ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА И ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

*Во “Службен весник на РСМ” 79/2020 објавени се Уредбата со законска сила, за примената на Законот за данок на добивка и Уредбата со законска сила за примена на Законот за данок на личен доход за време на вонредна сосотојба, со кои се предвидени ослободувањата за плаќање аконтации.*

## *ВОВЕД*

Законот за данокот на добивка („Службен весник на РМ“ 112/14, 129/15, 23/16, 190/16, 248/18 и „Службен весник на РСМ“ 232/19 и 275/19) и Законот за данокот на личен доход („Службен весник на РМ“ 241/18 и „Службен весник на РСМ“ 275/19), ќе се применуваат за време на траење на вонредната состојба, доколку со Уредбата со законска сила не е поинаку уредено.

За ослободувањето од плаќање на износот на **Аконт*аци-ите на данокот на добивка,*** се применуваат одредбите од Уредбата со законска сила за примена на законот за данок на добивка за време на вонредна состојба, а за ослободување од плаќање на износот на **Аконтациите на данок на личен доход** се применуваат одредбите од Уредбата со законска сила за примена на законот за данок на личен доход за време на вонредна состојба.

## *1. ДАНОК НА ДОБИВКА И ОБВРЗНИЦИ*

Со законот се уредува начинот на оданочување на добивката, стапката по која се пресметува данокот на добивка, обврзниците за плаќање на данокот на добивка, даночната основа за пресметување на данокот на добивка, роковите за плаќање на данокот на добивка, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на данокот на добивка.

Обврзник на данокот на добивка е правно лице резидент на Република Македонија, кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство.

Резидент, во смисла на став 1 од овој член 4 од законот, е субјектот кој е основан или има седиште на територијата на Република Македонија.

Основа за пресметување на данокот од добивка е добивката која се утврдува во даночниот биланс.

Основа за пресметување на данокот од добивка се утврдува како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди.

Основата од членот 7 став 2 од законот се зголемува за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи за даночни цели.

Како непризнаени расходи за даночни цели се сметаат:

1. расходите кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност;

2. надоместоците на трошоци и други лични примања од работен однос, освен утврдените со оваа точка во износи кои не го надминуваат.

Даночниот период за кој се утврдува данокот на добивка е календарската година.

Доколку даночниот обврзник работел за период пократок од една календарска година, за даночен период ќе се смета периодот од годината за која работел.

Даночниот обврзник е должен утврдувањето и плаќањето на данокот на добивка да го врши врз основа на образецот „ДБ - даночен биланс за оданочување на добивка“ што се доставува до Управата за јавни приходи во рокот пропишан за

поднесување на годишната сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство.

При престанување на условите за даночно ослободување од членот 28 ставови (3) и (4) и членот 30-а од овој закон, данокот на добивка се утврдува и плаќа врз основа на образец „ДД-ДО“, кој се доставува до Управата за јавни приходи во рок 30 дена од денот на престанување на условите за даночно ослободување.

Субјектите од членот 31 од овој закон годишниот данок на вкупен приход го утврдуваат на образецот „ДБ - ВП - Годишен данок на вкупен приход“ кој се доставува до Управата за јавни приходи во рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство во годината што следи по годината за која се врши оданочувањето, а плаќањето на данокот се врши најдоцна во рок од 30 дена по рокот за доставување на образецот.

Обврзниците од членот 4-а став 3 од законот се должни утврдувањето на данокот на вкупен приход да го вршат врз основа на даночен биланс на непрофитни организации – образец „ДБНП/ВП“ кој се доставува до Управата за јавни приходи во рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно со Законот за сметководството за непрофитните организации, а плаќањето на данокот се врши најдоцна во рок од 30 дена по рокот за доставување на образецот.

Формата и содржината на образецот од ставот (2) и образецот од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Месечните аконтации на данокот на добивка во даночниот биланс „ДБ – даночен биланс за оданочување на добивка“се утврдуваат во износ од една дванаестина од утврдениот данок во даночниот биланс за претходната година зголемени за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката од претходниот период од годината, односно до 31 јануари наредната година, во однос на просечните цени на мало во претходната година.

Месечните аконтации се плаќаат во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец.

Даночните обврзници кои донирале средства согласно со членот 30-а од овој закон имаат право на намалување на месечните аконтации од ставот (1) на овој член во висина од

дадената донација, но најмногу до 50% од износот на месечните аконтации на данокот на добивка.

Обврската за плаќање на месечни аконтации не се однесува на организациите од членот 4-а став (3) и трговските друштва од членот 31 од законот.

Разликата меѓу уплатената аконтација според членот 40 од овој закон и вистинската обврска на пресметаниот данок на добивка согласно со членот 39 став 1 од законот, обврзникот е должен да ја уплати во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за предавање на годишната сметка.

Ако обврзникот на данокот во вид на аконтација платил поголем износ на данок од износот што бил должен да го плати, може од Управата за јавни приходи да бара враќање на повеќе платениот износ.

Управата за јавни приходи е должна да донесе решение за враќање на повеќе платениот данок на добивка на обврзникот, на негово барање во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето за враќање.

Месечниот износ на аконтацијата на данокот на добивка за периодот февруари - декември во тековната година и за месец јануари наредната година даночниот обврзник го утврдува според износот на пресметаниот данок, намален за износот на даночните ослободувања и олеснувања искажани во даночниот биланс составен за претходната година, поделен со 12 месеци и зголемен за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Република Македонија од претходниот период од годината, односно до 31 јануари наредната година, во однос на просечните цени на мало во претходната година.

Даночните обврзници кои што во изминатата година работеле помалку од 12 месеци, износот од став 1 на овој член, ќе го поделат со бројот на месеците на работење. Обврзникот кој што во претходната година не искажал пресметан данок на добивка, нема обврска да пресметува и плаќа аконтации на данокот на добивка.

Даночните обврзници коишто се формираат со издвојување од други обврзници или се образуваат како нови даночни обврзници во рамките на постојниот даночен обврзник, ги утврдуваат месечните аконтации на данокот на добивка во годината во која се издвоени врз основа на годишната пресметка на даночниот обврзник од кои се издвоени, на тој начин што утврдената основица на данокот на добивка се дели на

даночните обврзници до изготвувањето на првата годишна сметка.

Трговските друштва кои ги исполниле условите од член 33 од Законот и кои се определиле да плаќаат годишен данок на вкупен приход, утврдувањето на годишниот данок на вкупен приход го вршат на образец "ДБ-ВП" -Даночен биланс на вкупен приход, даден во Прилог 14 кој е составен дел на овој правилник.

На трговските друштва кои ќе се регистрираат за плаќање на годишен данок на вкупен приход, платените аконтации на данокот на добивка се признаваат како одбитна ставка од утврдениот износ на годишен данок на вкупен приход.

## *2. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА АКОНТАЦИИТЕ НА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА*

Согласно Член 2 од Уредбата, обврзниците на данокот на добивка **кои имаат претрпено штети во своето работење** поради ширење на Коронавирусот COVID-19, **имаат право на ослободување** од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка за месеците **МАРТ, АПРИЛ И МАЈ** 2020 година.

Користењето на правото се однесува на даночните обврзници кои ги вршат дејностите наведени согласно со Националната класификација на дејности **- НКД Рев. 2:**

- **Угостителска дејност (шифра 56-Дејности за подготовка и служење на храна),**
- **Туризам (шифра 79-Туристички агенции организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив и шифра 55-Објекти за сместување) и**
- **Транспорт (шифра 49-Копнен транспорт и цевоводен транспорт, шифра 50-Воден транспорт и шифра 51-Воздухопловен транспорт).**

### *2.1. Услови за ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка*

Даночните обврзници можат да го користат правото на ослободување, доколку ги исполнуваат следните услови:

- **да не исплатува дивиденда на сопствениците, награда за деловна успешност (*учество во добивка, бонус*) или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на даночниот обврзник, од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, до денот на траењето на ослободувањето (15 јуни 2020 година) и**
- **даночниот обврзник-работодавач да не го намали бројот на вработени, сметано од денот на влегувањето во сила на оваа уредба (25.03.2020 година) со законска сила три месеци по престанувањето на нејзината важност, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените.**

Користењето на правото на ослободување на износот на аконтациите на данокот на добивка се однесува и на други даночни обврзници, кои имаат претрпено штети во своето работење поради спроведување на мерките за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19, кои покрај гореспоменатите услови, исполнуваат еден од следните услови:Вкупните приходи на даночниот обврзник **да се намалени за најмалку 40%** во тековниот месец во однос на месец февруари 2020 година или намалувањето на вк-упните приходи за 2020 година изнесува **повеќе од 40% во однос** на истиот период претходната година, или

- Бројот на вработени кои не работат односно не придонесуваат во економската активност на даночниот обврзник работодавач, заради спроведување на мерките **да изнесува најмалку 25%** во однос на вкупниот број на вработени во месец февруари 2020 година, или
- Даночниот обврзник **да затворил најмалку 50%** од продажните места преку кои го остварува прометот (подружници, продажни објекти).

### *2.2. Поднесување на Барање за ослободување од плаќање на износот на аконтацијата на Данок на добивка*

За остварување на правото за ослободување, даночните обврзници поднесуваат Барање за ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка до Управата за јавни приходи.

Формата и содржината на Барањето е дадено во Прилог и е составен дел на уредбата со законска сила.

Поднесувањето на барањето се врши преку системот е-даноци на Управата за јавни приходи, а приемот на комплетното барање го потврдува Управата за јавни приходи, **во рок од 15 дена** од денот на доставување на барањето.

Даночниот обврзник кој го искористил правото за ослободување, а не ги исполнил условите за ослободување дадени во Урдебата, **има обврска да ги плати месечните аконтации** на данокот на добивка, што не ги платил и камата, согласно со Уредбата со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба.

# БАРАЊЕ
**за ослободување од плаќање на износот на аконтации на данок на добивка**

**ДД-ОМА**

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

## А. ИЗВРШУВАМ ДЕЈНОСТ
*(согласно Националната класификација на дејности - НКД Рев.2: Угостителска дејност, Туризам, Објекти за сместување, Транспорт, Воден транспорт и Воздухопловен транспорт)*

☐ Да

☐ Не

## Б. ШИФРА И ОПИС НА ДЕЈНОСТ ШТО ЈА ВРШИ БАРАТЕЛОТ
*(наведи ја шифрата на дејност според НКД рев.2)*

| Шифра | | Дејност | |
|---|---|---|---|

## В. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ДАНОЧНИ ПОВОЛНОСТИ

**Изјавувам дека ги исполнувам условите за користење на даночни поволности**

☐ а) Даночниот обврзник нема да исплати дивиденда на сопствениците, награда за деловна успешност (учество во добивка, бонус) или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на даночниот обврзник, од денот на влегувањето во сила на уредбата, до денот на траењето на ослободувањето

☐ б) Даночниот обврзник нема да го намали бројот на вработени, сметано од денот на влегувањето во сила на Уредбата со законска сила се до три месеци по престанувањето на нејзината важност, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените

☐ в) Вкупните приходи на даночниот обврзник се намалени за најмалку 40% во тековниот месец во однос на месец февруари 2020 година или намалувањето на вкупните приходи за 2020 година изнесува повеќе од 40% во однос на истиот период претходната година

☐ г) Бројот на вработени кои не работат односно не придонесуваат во економската активност на даночниот обврзник-работодавач, заради спроведување на мерките изнесува најмалку 25% во однос на вкупниот број на вработени во месец февруари 2020 година

☐ д) Даночниот обврзник затворил најмалку 50% од продажните места преку кои го остварува прометот (подружници, продажни објекти)

## Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ДАНОЧНИ ПОВОЛНОСТИ

☐ **Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити**

## ПОДАТОЦИ НА ПОДНОСИТЕЛ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

**Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

1/2

### *3. ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД И ОБВРЗНИЦИ*

Со овој закон се уредува оданочувањето на личниот доход на физичките лица, обврзникот за плаќање на данокот на личен доход, даночната основа за пресметување на данокот на личен доход, даночните стапки, роковите за плаќање на данокот на личен доход, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на данокот на личен доход.

Данокот на личен доход (во натамошниот текст: данок на доход) се плаќа годишно на збирот на доходот од сите извори, освен на доходот што е изземен од оданочување со овој закон.

Даночен период за кој се утврдува данокот на доход е календарската година.

На одделните видови доход од членот 3 на овој закон, во текот на годината се пресметува аконтација на данокот на доход.

Даночен обврзник (во натамошниот текст: обврзник) на данокот на доход е секое физичко лице резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство.

Резидент во смисла на овој закон е физичко лице кое на територијата на Република Македонија има постојано живеалиште или престојувалиште.

Резидентот има престојувалиште ако на територијата на Република Македонија престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена во кој било 12-месечен период.

Обврзник на данокот на доход, во смисла на овој закон е и трговец поединец, како и физичко лице кое се занимава со земјоделска дејност, со занаетчиска дејност и лице кое врши услуги или слободно занимање.

Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое не е резидент на Република Македонија за доходот што е остварен на територијата на Република Македонија.

Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое непријавено врши дејност и остварува доход кој подлежи на оданочување според одредбите на овој закон.

Под доход од самостојна дејност се смета доходот остварен од стопанска дејност, доходот од давање професионални и други интелектуални услуги, доходот од земјоделска

дејност и доходот од други дејности чија крајна цел е остварување доход.

Под доход од стопанска дејност се подразбира доходот од производна, услужна, трговска, угостителска, превозничка и друга слична дејност.

Под доход од професионални и други интелектуални услуги се подразбира доходот од здравствена, стоматолошка, ветеринарна, адвокатска, нотарска, консултантска, сметководствена, ревизорска, проценителска, инженерска, архитектонска, новинарска, спортска, културна и друга интелектуална дејност.

Под доход од земјоделска дејност се подразбира доходот од производство, доработка, преработка и пласман на сопствени земјоделски производи, како и одгледување добиток и други стопанско-корисни животни и пласман на нивните производи.

Обврзник на данокот на доходот од самостојна дејност е трговец поединец, физичко лице кое врши земјоделска дејност, лице кое врши занаетчиска дејност и лице кое врши услуги, кое остварува доход од вршење дејност од членот 19 на овој закон.

Обврзникот од ставот (1) на овој член се запишува во соодветен регистар.

Основа за пресметување на данокот на доход од самостојна дејност е разликата меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на обврзникот, зголемена за непризнаените расходи за даночни цели.

Ако повеќе физички лица остваруваат доход со заедничко вршење дејност, секое од нив е обврзник на данокот на доход за делот од доходот што му припаѓа според договорот за заедничко вршење дејност. Ако со договорот не е утврдено нивното учество, за утврдување на даночната основа се смета дека доходот се дели на еднакви делови.

На висината на даночната обврска на физичкото лице за делот од доходот од став (1) на овој член нема влијание фактот дали доходот од заедничкото вршење дејност е распределен или не.

Остварените вкупни приходи и вкупните расходи од член 21 на овој закон се утврдуваат во согласност со сметководствените прописи, сметководствените стандарди и одредбите на овој закон.

Утврдувањето на данокот на доход го врши органот за јавни приходи, доколку со овој закон не е определено поинаку.

Органот за јавни приходи го утврдува данокот врз основа на аконтативно остварениот доход, деловните книги што ги води обврзникот, службените податоци што ги прибавил органот преку контрола, како и врз основа на други податоци и докази до кои ќе дојде во постапката за утврдување на данокот.

Аконтацијата на данокот на доход за доходот од членот 19 од овој закон кој се оданочува според вистински доход во тековната година, ја пресметува обврзникот врз основа на податоците од годишниот даночен биланс за претходната година.

Доколку условите под кои е утврдена аконтацијата на данокот на доход значајно се изменат, обврзникот може да бара промена на аконтацијата, односно органот за јавни приходи може во согласност со новите околности да утврди нова аконтација.

Месечната аконтација на данок на доход за самостојна дејност се плаќа во износ од една дванаесеттина од пресметаниот данок во годишниот даночен биланс, за претходната година.

Обврзникот кој започнува да врши самостојна дејност месечните аконтации на данокот на доход за првата година ги плаќа на основица од 50% од просечна нето-плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

Аконтацијата на данок на доход за јануари во тековната година се плаќа во висина на платената аконтација за декември претходната календарска година.

Месечната аконтација на данок на доход се плаќа до 15-ти во тековниот за претходниот месец.

Додека органот за јавни приходи не го утврди паушалниот нето-доход, за обврзникот од членот 29 од овој закон, обврзникот е должен да плаќа аконтација на данок во висина утврдена во решението за претходната година.

## *4. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА АКОНТАЦИИТЕ НА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД*

Согласно член 2 од Уредбата, обврзниците на данокот на личен доход кои остваруваат доход од самостојна дејност, а кои имаат претрпено штети во своето работење поради ширење на Коронавирусот COVID-19, имаат право на ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход за месеците **МАРТ, АПРИЛ И МАЈ** 2020 година.

Користењето на правото се однесува на обврзниците за данокот на личен доход кои остваруваат доход од самостојна дејност, а кои ги вршат дејностите наведени согласно со Националната класификација на дејности **- НКД Рев. 2:**

Даночниот обрзник кој врши дејност наведена согласно со – **НКД Рев-2:**

- **Угостителска дејност (шифра 56-Дејности за подготовка и служење на храна),**
- **Туризам (шифра 79-Туристички агенции организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив и шифра 55-Објекти за сместување) и**
- **Транспорт (шифра 49-Копнен транспорт и цевоводен транспорт, шифра 50-Воден транспорт и шифра 51-Воздухопловен транспорт).**

**за да го користи правото треба да ги исполнуваа следниот услов:**

- **да не го намали бројот на вработени,** сметано од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила три месеци по престанувањето на нејзината важност, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените.

### *4.1. Услови за ослободувањње од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход*

Користењето на правото на ослободување се однесува и на **други даночни обврзници**, кои имаат претрпено штети во своето работење поради спроведување на мерките за спреч-

ување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19, кои покрај гореспоменатиот услов исполнуваат еден од следните услови:

- Вкупните приходи на даночниот обврзник **да се намалени за најмалку 40%** во тековниот месец во однос на месец февруари 2020 година или намалувањето на вкупните приходи за 2020 година изнесува **повеќе од 40%** во однос на истиот период претходната година, или
- Бројот на вработени кои не работат односно не придонесуваат во економската активност на даночниот обврзник-работодавач, заради спроведување на мерките **да изнесува најмалку 25%** во однос на вкупниот број на вработени во месец февруари 2020 година, или
- Даночниот обврзник да затворил најмалку 50% од продажните места преку кои го остварува прометот (*подружници, продажни објекти).*

### *4.2. Поднесување на Барање за ослободување од плаќање на износот на аконтацијата на Данок на личен доход*

За остварување на правото за ослободување, дан-очните обврзници поднесуваат Барање за ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход до Управата за јавни приходи.

Формата и содржината на Барањето е дадено во Прилог и е составен дел на уредбата со законска сила.

Поднесувањето на барањето се врши преку системот е-даноци на Управата за јавни приходи, а приемот на комплетното барање го потврдува Управата за јавни приходи, **во рок од 15 дена** од денот на доставување на барањето.

Даночниот обврзник кој го искористил правото за ослободување, а не ги исполнил условите за ослободување дадени во Урдебата, **има обврска да ги плати месечните аконтации** на данокот на личен доход што не ги платил и камата согласно со Уредбата со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба.

## БАРАЊЕ
**за ослободување од плаќање на месечните аконтации на данокот на личен доход остварен од вршење на самостојна дејност**

ДЛД-ОМА

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

### А. ИЗВРШУВАМ ДЕЈНОСТ
*(согласно Националната класификација на дејности - НКД Рев.2: Угостителска дејност, Туризам, Објекти за сместување, Транспорт, Воден транспорт и Воздухопловен транспорт)*

- ☐ Да
- ☐ Не

### Б. ШИФРА И ОПИС НА ДЕЈНОСТ ШТО ЈА ВРШИ БАРАТЕЛОТ
*(наведи ја шифрата на дејност од според НКД рев.2)*

| Шифра | | Дејност | |
|---|---|---|---|

### В. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ДАНОЧНИ ПОВОЛНОСТИ

**Изјавувам дека ги исполнувам условите за користење на даночни поволности**

- ☐ а) Даночниот обврзник нема да го намали бројот на вработени, сметано од денот на влегувањето во сила на Уредбата со законска сила се до три месеци по престанувањето на нејзината важност, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените
- ☐ б) Вкупните приходи на даночниот обврзник да се намалени за најмалку 40% во тековниот месец во однос на месец февруари 2020 година или намалувањето на вкупните приходи за 2020 година изнесува повеќе од 40% во однос на истиот период претходната година
- ☐ в) Бројот на вработени кои не работат односно не придонесуваат во економската активност на даночниот обврзник-работодавач, заради спроведување на мерките да изнесува најмалку 25% во однос на вкупниот број на вработени во месец февруари 2020 година
- ☐ г) Даночниот обврзник да затворил најмалку 50% од продажните места преку кои го остварува прометот (подружници, продажни објекти)

### Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ДАНОЧНИ ПОВОЛНОСТИ

- ☐ **Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити**

### ПОДАТОЦИ НА ПОДНОСИТЕЛ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

1/2

# *ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ*

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## *ПРАВА И ОБВРСКИ НА РАБОТНИКОТ И РАБОТОДАВАЧОТ ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

*Во случај на вонредна состојба правата и обврските на работникот и работодавачот, се регулирани согласно Законот за Работни односи ("Службен весник на РМ" 62/08... 120/18; 110/19) и други подзаконски акти.*

### *ВОВЕД*

Земајќи ја предвид глобалната ситуација во врска со пандемијата од вирусот COVID-19, како и мерките, препораките, заклучоците и други акти, коишто РС Македонија ги превзема во насока на спречување на ширење на пандемијата и намалување на штетните последици, како од здравствен, така и од економски карактер, неизбежно е дека сето тоа влијае и ќе влијае врз компаниите и работниците.

Со оглед на тоа, се наметнува прашањето, кои се правата и обврските на компаниите и работниците во ваква ситуација, како сето тоа ќе влијае врз работниот процес, кои дејствија може да се преземат од страна на компаниите, дали може и во колкав обем може да има прекин на работниот процес, кои се правата на работниците кои се засегнати со одлуките на компаниите и друго.

Секој работодавач треба да изврши соодветна проценка, пред да пристапи кон организирање на прекин на работниот процес поради деловни причини или поради причини на виша сила, со оглед на тоа што мерките, препораките и заклучоците на Владата на РС Македонија, не ги засегаат подеднакво сите работодавачи, а со тоа и работниот процес.

Потребно е да се разграничи дали со примена на сите расположливи активности би можела да се одржи ликвидноста, од една страна и дали со нивна примена би можел да продолжи работниот процес, имајќи ги предвид мерките, препораките и забраните, од друга страна.

Поради тоа, секој работодавач треба да направи претходна анализа, па потоа да презема мерки во насока на организирање и спроведување на прекин на работниот процес.

Имено, најпрво треба да се утврди дали некоја мерка на Владата, директно му забранува на работодавачот да ја врши својата дејност во целост или во дел (***пример, забрана за работа на затворени трговски центри, фитнес центри, спортски обложувалници, кафетерии, угостителски објекти и сл***.) или пак некои од мерките создаваат потешкотии при функционирање на работниот процес, а тоа директно резултира со намален обем на работа.

Во првиот случај, најчесто се работи на прекин на работниот процес поради виша сила, а вториот случај најчесто претставува прекин на работниот процес поради деловни причини.

Во тој контекст Законот за работни односи и Колективниот договор за приватен сектор во овие ситуации нудат соодветни решенија и мерки за полесно сузбивање на потешкотиите во работењето на работодавачите, во услови предизвикани од вирусот COVID-19, а тоа се следните:

**1. Прекин на работниот процес од деловни причини (Привремен принуден одмор);**

**2. Намалување на нето платата прекин на работен процес поради виша сила 50%);**

**3. Воведување на скратено (неполно) работно време.**

## *1. ПРЕКИН НА РАБОТНИОТ ПРОЦЕС ОД ДЕЛОВНИ ПРИЧИНИ И ВИША СИЛА*

### *1.1. Надоместок на плата при прекин на работниот процес од деловни прицини*

Во Законот за работни односи се споменува прекин на работниот процес како основ за право на надоместок на плата, при тоа, во законот не се предвидени дополнителни одредби и/или услови кои го регулираат прекинот на работниот процес, во смисла кога може да се определи, кој може да го определи, спрема кои работници може да се определи и слично.

Работниот процес може да прекине поради причини на страната на работодавачот, во ситуации кога работодавачот ќе процени дека поради деловни причини треба да запре процесот на работа, во целост или пак одделни делови од компанијата (***подружници, погони, дел од производствен процес, стручни служби и слично***).

Прекинот на работниот процес најчесто е условен од немање на суровини за производство на одредени производи, непланирано остварени дополнителни залихи, драстично намалена материјално-финансиска состојба на работодавачот, за која што е потребно да се намалат трошоците, како би се одржала ликвидноста, немање на неопходни материјали за работа, оштетување на некои основни средства и слично.

Согласно член 112 став 10 од законот за Работни односи при прекин на работниот процес од деловни причини, **работникот има право на надоместок на плата во висина од 70% од просечната плата, која ја остварил во претходните 12 месеци.**

Привремениот принуден одмор претставува еден од правните основи за стекнување на надоместок на плата поради прекин на работниот процес од деловни причини и ***исплата на 70% од платата во траење од три месеци во тековната година.***

Привремен принуден одмор на ниво на работодавач ***може да трае онолку време, колку што е потребно за надминување на потешкотиите при работењето***, односно онолку време колку што работодавачот проценил и тоа го навел

во Програмата, а времетраењето на привремениот принуден одмор за секој работник посебно, исто така не е лимитирано, но надоместокот на плата на работникот за време на прекин на работниот процес од деловни причини кој ***изнесува 70% од неговата плата*** за период до три месеци во тековната година.

### *1.2. Надоместок од плата при при прекин на работниот процесс поради виша сила*

Виша сила е вонреден настан, кој не е предизвикан од работодавачот или работникот, а кој настан спречува да се извршува работниот процес.

Како би можело да се смета дека настапиле околности кои може да се карактеризираат како виша сила, потребно е да се исполнети кумулативно следните елементи, и тоа:

- **Да постои вонреден настан, кој не можел да се предвиди, спречи, избегне или отстрани;**
- **Вонредниот настан да не е предизвикан од ниту една од договорните страни;**
- **Исполнувањето на обврската да станало невоз-можно;**

Согласно член 112 став 7 е предвидено дека: ***“Ако работникот не може да ја врши работата поради виша сила,*** има право на половина од платата, **(50%)** на која инаку би имал право, ако би работел“.

Имено, со оглед на мерките, препораките и заклучоците кои ги презема Владата на РСМ, многу работодавачи, особено во секторите туризам, угостителство, транспорт и други, ***се при-нудени во целост да го прекинат работниот процес.***

Оние работодавачи кои што не може да го преструктуи-раат работниот процес на начин на кој нема да биде во спро-тивност со мерките/препораките на Владата, практично не може да ја вршат својата дејност, а со тоа работниците не може да ја вршат работата.

***На пример***, фитнес клубовите, спортските обложувалници, затворените трговски центри, кафетерии и слично, не може на ниту еден начин да продолжат да ја вршат својата дејност, ниту со преземање на одредени мерки на преструктуирање на

работниот процес во насока на исполнување на барањата со мерките/препораките.

По однос на времетраењето на прекинот на деловната активност поради виша сила на ниво на работодавач, може да трае се додека не престане вишата сила (***во конкретниов случај, времетраењето треба да се определи врз основа на времетраењето на мерките/препораките од Владата, односно се додека таквите мерки/препораки не се укинати***), а времетраењето на прекинот за секој работник посебно, може да трае додека не престане вишата сила и за целиот тој период, додека не се донесе одлука за продолжување на работниот процес и враќање на работниот на работа, работникот има право на надоместок во висина од половина плата на која би имал право, ако би работел.

### *1.3. Висина на надоместок на плата*

Висината на надоместокот на плата зависи од тоа дали ќе се прекине работниот процес поради деловни причини, или пак поради причини на виша сила.

Висината во првиот случај **е 70% од неговата просечна плата во последните 12 месеци, а во вториот случај 50%** од неговата плата, која би ја добил кога би работел.

Тоа подразбира дека доколку работникот не работи 20 дена, има право на надомест на платата само за тие денови, во висина ***од 70% од просечната плата на работникот во последните 12 месеци, односно 50%*** од платата на која би имал право ако би работел.

### *1.4. Основица за исплата на надоместок на плата и за пресметка на придонеси*

За прекин на работниот процес поради виша сила е тековниот износ на платата која би ја добил доколку би работел (***основна плата зголемена за додаток на минат труд).***

За прекин на работниот процес поради деловни причини е просечната плата на работникот во последните 12 месеци (основна плата, дел за работна успешност, дел за деловна успешност, додаток за минат труд и додатоци по основ на распоред на работно време (***ноќна работа, прекувремена работа).***

**Основицата за пресметка и плаќање** на придонеси од задолжително социјално осигурување и данок на личен доход во ситуација кога има прекин на работниот процес поради виша сила, односно деловни причини, **претставува исплатениот износ на надоместок на плата.**

### *1.5. Висината на минималната плата согласно Законот за минимална плата (ЗМП), во врска со висината на надоместокот на плата.*

Со оглед дека согласно одредбите од ЗРО, правото на надоместок на плата се стекнува во ситуација кога работникот не работи, а кога правото на плата го стекнува кога работи, неспорно произлегува дека правото на надоместок на плата на кој **има право работникот при прекин на работниот процес од виша сила, односно од деловни причини, не може да се подведе под општата формулација на минимална плата согласно ЗМП.**

Тоа од причина што ЗМП го утврдил најнискиот износ на плата, ( право на плата работникот има кога работи), а не и најнискиот износ на надоместок на плата (право кога работникот од оправдани причини не работи).

## *2. РАБОТА ПРИ СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ*

Работниот однос, може да се заснова како Договор за вработување со:

- **Полно работно време и**
- **Не полно работно време (скратено работно време)**
- **Работно време во други случаи наведени во Законот за работни односи.**

### *2.1. Договор за вработување со неполно работно време (скратено работно време)*

Согласно член 48 од Законот за Работни односи ***(во продолжение Законот)***, договор за вработување може да се

склучи, исто така, и за работно време пократко од полното работно време (***неполно работно време).***

***За неполно работно време се смета времето кое е пократко од полното работно време кај работодавачот*.**

Работникот кој склучил договор за вработување со неполно работно време, има договорни и други права и обврски од работниот однос како работникот кој работи полно работно време **и ги остварува ПРОПОРЦИОНАЛНО на времето**, **за кое што склучил договор за вработување, освен тие за кои со закон поинаку е определено.**

Работодавачот е должен во договорот за вработување со неполно работно време **да го утврди почетокот и завршетокот на неполното дневно работно време** на работникот и да води посебна евиденција за работниците со неполно работно време, а за склучените договори со неполно работно време, Агенцијата за вработување на РСМ еднаш месечно го известува Државниот инспекторат за труд.

**Промената на работното време на работникот,** се пријавува во Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), Фондот за пензиското и инвалидското осигурување и Управата за јавни приходи, со поднесување на:

- ✓ **ОБРАЗЕЦ М3-а;**
- ✓ **ОДЛУКА** за промена работното време (член 48 од ЗРО);
- ✓ **АНЕКС** на договорот за вработување (член 28-а од ЗРО);
- ✓ **ОВЛАСТУВАЊЕ** за прјавување.

### *2.2.Забрана за прекувремена работа при скратено работно време*

Согласно член 48 став 5 од Законот, ако во договорот за вработување поинаку не е определно, работодавачот на работникот кој работи со скратено работно време***, не смее да му наложи да работи подолго од договореното работно време***, освен во случаите во врска со отстранување или спречување на последиците, во случаите на природна или друга несреќа непосредно се очекува.

Работата во овие случаи може да трае се додека е неопходно да се спасат човечки животи, да се заштити здравјето на луѓето или да се спречи непоправлива материјална штета.

Оваа законска забрана е во согласност со целта на воведувањето на скратено работно време потребата од процесот на работа да наложува вработување на работник со помалку од полното работно време.

Со Законот исто така не е утврдена забраната работникот со скратено работно време да работи ноќе, освен ограничувањето како и за работник кој работи со полно работно време, односно ако на работникот поради ноќната работа му се влошува здравствената состојба.

### *2.3. Скратено работно време со повеќе работодавачи*

Согласно член 49 од Законот работникот може да склучи договор за вработување ***со неполно работно време (скратено работно време) со повеќе работодавачи и така да го постигне полното работно време определено со законот***.

Работникот е должен да се договори со работодавачите за работното време, начинот на користењето на годишниот одмор и другите отсуства од работа.

Работодавачите, кај кои е вработен работникот со скратено работно време, се должни на работникот да му обезбедат истовремено користење на годишниот одмор и други отсуства од работа, освен ако тоа не би им предизвикало штетни последици.

***Обврските на работодавачот и работникот се составен дел на договорот за вработување со скратено работно време.***

### *2.4. Скратено работно време во посебни случаи*

Согласно член 122 од Законот, работникот кој работи помалку од полното работно време ***(скратено работно време)*** во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување ***(инвалидност),*** прописите за здравствено осигурување ***(медицинска рехабилитација)*** и остварува права од задолжителното социјално осигурување кога би работел со полно работно време. Работникот, кој работи **помалку од полното работно време, има право на плаќање за работата**

според стварните работни обврски, како и други права и обврски од работниот однос **како работникот кој работи полно работно време, ако со законот поинаку не е определено.**

### *2.5. Скратено работно време во посебни услови*

Согласно член 122-а од Законот, пропишани се случаите кога на работникот му се скратува работното време, а тоа е кога работникот работи на особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи, а чие штетно влијание врз неговото здравје, односно работна способност не може во целост да се отстрани со заштитни мерки.

Во таков случај работното време му се скратува сразмерно на штетното влијание врз неговото здравје, односно работна способност, но ***не пократко од 30 часа*** во работната недела, во согласност со колективен договор..

***НАПОМЕНА: При остварувањето на право на плата и другите права од работен однос, скратеното работно време се смета како полно работно време.***

***Како особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи се сметаат:***

- ✓ Особено тешка физичка работа;
- ✓ Работа под зголемен атмосферски притисок;
- ✓ Работа под зголемена бучавост, работа во вода или влага;
- ✓ Работа изложена на јонизирачки зрачења;
- ✓ Работа со болни од заразни болести и со заразни материјали;
- ✓ Работа на хируршки интервенции во операциони сали;
- ✓ Работа во областа на психијатријата, работа со лица со најтешки пречки во психичкиот развиток;
- ✓ Работа во судска медицина и патолошка анатомија;
- ✓ Работа со нагризувачки материјали;
- ✓ Работа на летачки персонал;
- ✓ Балетски изведби;

- ✓ Музичари на дувачки инструменти, играорци и оперски солисти;

Работа во близина на напон или под напон и работа на височина или длабочина. **ОДОБРЕНИЕ ЗА РАБОТА СО СКРАТЕНО РАБОТНО време** издава министерот надлежен за работите од областа на трудот, врз основа на претходно прибавено мислење од здравствена установа, која врши дејност медицина на трудот и мислење од инспекција на трудот.

Барање за покренување на постапка за добивање на одобрение за работа со скратено работно време, може да поднесе работникот или синдикалната организација, до работодавачот.

Здравствената установа, која врши дејност медицина на трудот и инспекцијата на трудот, мислењето го доставуваат врз основа на претходно изготвен и доставен елаборат од работодавачот.

**НАПОМЕНА: Барање за добивање одобрение за работа со скратено работно време, поднесува работодавачот до министерството надлежно за работите од областа на трудот.**

Кон барањето за добивање одобрение, работодавачот доставува мислење од здравствена установа која врши дејност медицина на трудот и мислење од инспекција на трудот.

Доколку инспекцијата на трудот утврди дека постојат условите, **со РЕШЕНИЕ** ќе му нареди на работодавачот да покрене постапка за утврдување на скратено работно време.

Работникот не смее да работи на тие работи прекувремено, ниту може да се вработи кај друг работодавач на истите работи, за времето за кое работи со скратено работно време.

Од оваа законска одредба не произлегува забрана за склучување на договор за вработување за дополнителна работа ако работникот има претходно склучено договори со скратено работно време, кај два или повеќе работодавачи со вкупно работно време од 40 часа неделно (полно работно време).

Одредбата на Законот ограничува дека вкупното работно време на работникот може да изнесува покрај полното работно

време **(40 часа неделно),** уште 10 часови неделно или вкупно 50 часови неделно.

### *2.6. Скратено работно време на родител на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби*

Согласно член 169 од Законот еден од родителите на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби, има право да работи со половина од полното работно време, ако двајцата родители се во работен однос или ако родителот е самохран, врз основа на наод од надлежна лекарска комисија, ако детето не е сместено во установа за социјално -здравствено згрижување. Во овој случај, скратеното работно време се смета како полно работно време, а правото на надомест на плата се исплатува според прописите за социјална заштита.

### *2.7. Право на плата, додатоци и надомести од плата, при скратено работно време*

#### *2.7.1. Право на плата*

На работникот вработен со скратено работно време му следува плата **сразмерно** на времето за кое склучил договор за вработување и чија висина може да биде уредена со Закон, Колективен договор и Договор за вработување.

Правата на работникот кој работи со скратено работно време за плаќање на работата се исти како и кај работникот кој работи со полно работно време, меѓутоа разликата е во тоа што истиот има право на плата во износ кој е пропорционален на времето за коешто е склучен договорот за вработување.

**Согласно член 105 став 3 од Законот, а имајќи во предвид дека платата е составена од:**

- ***Основна плата;***
- ***Дел од платата за работна успешност;***
- ***Додатоци за плата.***

На работникот кој работи со скратено работо време, висината на платата ќе му се определува согласно овие законски

прописи, не запоставувајќи ја должноста на работодавачот за почитување на најнискиот износ на платата, определен со колективен договор, кој го обврзува работодавачот.

Во поглед на правото на надоместоците од плата постои разлика во уплатата на одделни надоместоци што му припаѓаат на работникот, кој работи со скратено работно време и работникот кој работи со полно работно време.

Според тоа, а согласно член 48 став 3 од Законот, работникот кој склучил договор за вработување со скратено работно време има договорени и други права и обврски од работниот однос, како работникот кој работи со полно работно време и ги остварува пропорционално на времето, за кое што го склучил договорот за вработување, освен тие за кои со Закон поинаку е определено.

### *2.7.2. Право на додатоци на плата*

Додатоците на плата кои согласно член 106 од Законот се определуваат за посебни услови за ***работа (работа во смени, ноќна работа, работа во недела, празник, продолжена работа)*** а чија висина се уредува колективен договор, на ра-ботникот кој работи со скратено работно време му се исплатуваат согласно одработените часови под тие услови.

### *2.7.3. Надоместоци на плата*

Согласно член 112 став 1 точка 6 од Законот, надоместоците на плата ***(за време на платено отсуство, годишен одмор, привремена спреченост за работа поради болест, во случај на прекин на работниот процес од причини на работодавачот)*** на работник кој работи со скратено работно време му се исплатуваат согласно утврдената основица.

Имајки во предвид дека платата која ја остварува работникот кој работи со скратено работно време е пропорционална на работното време за кое засновал работен однос (и секако е помала од онаа на работник кој работи со полно работно време, на исто вреднувано работно место), произлегува дека и

надоместоците на платата на кои има право, фактички се пропорционални со должината на неговото работно време.

### *2.7.4. Надомест на трошоците поврзани со работата*

Согласно член 113 од Законот, работникот кој работи со скратено работно време има право на надомест на трошоците поврзани со работата и тоа:

- ***Службено патување;***
- ***Теренски додаток;***
- ***Користење на приватен атомобил за службени цели;***
- ***Одвоен живот од семејството;***
- ***Смрт на работник и на член на неговото потесно семејство;***
- ***Отпремнина при одење во пензија;***
- ***Јубилејни награди.***

Во однос на горе наведените надоместоци, ***истите се еднакви на надоместоците, како и кај работниците кои работат со полно работно време***, бидејќи се поврзани со фактички трошок поврзан со работата, кој не зависи од должината на работното време.

### *2.7.5. Право на одмори и отсуства при скратено работно време*

Согласно член 132 од Законот, работникот има право на: пауза во текот на работниот ден во траење од 15 минути, меѓутоа само доколку е вработен со работно време од најмалку 4 (четири) часа дневно.

Согласно член 48 од Законот, работникот кој работи со скратено работно време има право на годишен одмор од најмалку 10 работни дена.

***НАПОМЕНА: Работникот стекнува право на годишен одмор кога ќе оствари непрекината работа од шест месеци, без оглед дали има склучено договор за вработување со полно или скратено работно време.***

Исплатата на регресот на годишен одмор е поврзана со правото на користење на годишен одмор и на овие работници им следува во зависност од должината на годишниот одмор, а најмалку во висина на половина од износот определен за работа со полно работно време, бидејќи загарантираното право на годишен одмор за работници кои работат со скратено работно време е десет дена ***( односно половина од годишниот одмор, што им следува на работниците кои работат со полно работно време).***

### *2.7.6. Други права и обврски од работен однос*

Работникот кој работи со скратено работно време има право на платен одмор, неплатено отсуство, отсуство поради празнување, право на образование, дошколување и оспособување, право на безбедносни услови за работа, но истовремено и обврски за кој се исти како и за работниците со полно работно време ( ***да ги извршува работните задачи совесно, да не ја крши работната дисциплина и ред, пропишани од страна на работодавачот).***

### *2.7.7. Пресметка на плати при скратено работно време*

Согласно член 14 став 1 точка 2 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ***ОСНОВИЦА за пресметка и плаќање на придонесите претставува:***

- **Плата за работа со скратено работно време, односно за часовите поминати на работа и дополнителни примања од работен однос, утврден во Законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и**

**договор за вработување за работник кој работи со скратено работно време.**

**ПРИМЕР: за пресметка на плата на работник со скратено работно време за месец Април 2020 година (за 4 часа)**

| | |
|---|---|
| - Просечна исплатена месечна бруто плата за 2020 | 38.319,00 |
| - Најниска основица за даноци и придонеси **(50% од просечна бруто плата (38.319)** | 19.160,00 |
| - Најниска основица за даноци и придонеси со скратено работно време (19.160 : 1/2) | 9.580,00 |
| - Просечна месечна бруто плата на работникот за месец Април/2020 | 15.000,00 |
| **- Просечна месечна бруто плата по Работник за Април/2020 со скратено работно време (15.000:1/2)** | **7.500,00** |
| - Лично ослободување за 2020 | 8.228,00 |
| - Лично ослободување за скратено работно.време (8.228 :1/2) | 4.114,00 |
| - Вкупно работни часови во Април/2020 | 176 |
| - Вкупно работни часови во Април/2020 ***( за скратено работно време)*** | 88 |

**Пресметка на плата за месец Април/2020 на работник со скратено работно време**

| | |
|---|---|
| **1) Бруто плата** | **7.500,00** |
| 2) Придонес за ПИО (18,8% ) | 1.410,00 |
| 3) Придонес за здравство (7,5%) | 563,00 |
| 4) Придонес за вработување (1,2%) | 90,00 |
| 5) Придонес за проф.заболување (0,5%) | 38.00 |
| **6) Вкупно придонеси (2+3+4+5)** | **2.101,00** |

| | |
|---|---|
| **7) Доплата на придонеси** | **582,00** |
| 8) Намалување на бруто плата (1-6-7) | 4.817,00 |
| 9) Даночно намалување за скр, раб. вр. | 4.114,00 |
| 10) Основа за данок (8–9) | 703,00 |
| **11) Данок на доход (10 x 10%)** | **70,00** |
| **12) Нето плата (1–6-7-11)** | **4.747,00** |
| **Основица за доплата на придонеси (9.580 – 7.500)** | **2.080,00** |
| **Доплата до најнизок износ на придонеси** | |
| Доплата за придонес за ПИО | 391,00 |
| Доплата за придонес за здравство | 156,00 |
| Доплата за придонес за вработување | 25,00 |
| Доплата за прид. за проф. заболување | 10,00 |
| **Вкупна доплата за придонеси** | **582,00** |

***Книжење:***

420 – Бруто плати и надоместоци на плати 7.500,00
240 -Обврски за плати и надомести на плати 7.500,00

***( вкалкулирани плати за месец април)***

240 - Обврски за плати и надомести на плати 7.500,00
2430 - Нето плата 4.747,00
2340 - Данок на доход 70,00
2343 - Придонес за ПИО 1.801,00
2344 - Придонес за здравство 719,00
2345 - Придонес за вработување 115,00
23441 - Придонес за проф. заболување 48,00

***(за пресметка на плата даноци и придонеси)***

2430 - Нето плата 4.747,00
2340 - Данок на доход 70,00
2343 - Придонес за ПИОМ 1.801,00
2344 - Придонес за здравство 719,00

2345 - Придонес за вработување 115,00

23441 - Придонес за проф. Заболување 48,00

1000 - Трансакциска сметка 7.500,00

***( за исплата на плата, даноци и придонеси)***

### *2.8. Пополнување на МПИН – пријава при пресметка на плата за скратено работно време*

**Врз основа на наведените податоци во примерот се поплнува МПИН – Образецот, на следниот начин:**

| **ПОЛЕ ОД МПИН ПРИЈАВА** | **ПОДАТОЦИ** |
|---|---|
| Поле 1.1 - Месец за кој се пресметува | **04** |
| Поле 1.2. – Година за која се пресметува | **2020** |
| Поле 1.3. – Вид на обврска | **101** |
| Поле 1.4. – Вид на обврзник | **110** |
| ***Поле 3.0. до поле 3.4.*** | **Општи податоци** |
| Поле 3.5 - Стаж во денови – | **30** |
| Поле 3.6.- Ефективна работа - часови | **88** |
| Поле 3.7.- Износ на ефективна работа | **4.114** |
| Поле 3.14 - Плата вкупен износ | **7.500** |
| Поле 3.15 Придонес за ПИО | **1.410** |
| Поле 3.16 - Доплата на придонес за ПИО | **391** |
| Поле 3.40 - Придонес за задолжително здравствено осигурување | **563** |
| Поле 3.41 - Доплата на придонес за здравствено осигурување | **156** |
| Поле 3.42 - Придонес за дополнително здравствено осигурување | **38** |
| Поле 3.43 – Доплата на придонес за доплнително здравствено | **10** |

| | |
|---|---|
| осигурување | |
| Поле 3.44 – Придонес за вработување | **90** |
| Поле 3.45 – Доплата на придонес за вработување | **25** |
| Поле 3.46 – Данок на доход | **70** |
| Поле 3.17 – Шифра за стаж на осигурување | **0047** |
| Поле 3.30 - Број на Пријава/Одјава од задолжително социјално осигурување | ***Број на Договор на обврзникот*** |
| Поле 3.13 – Нето плата | **4.747** |
| Поле 3.31 – Ефективна нето плата | **4.747** |
| Поле 3.32 – Број на трансакциска сметка | ***Се пополнува бр. на транс. с/ка*** |

# *ЗАКОН ЗА ИГРИ НА СРЕЌА*

*м-р: Магдица Костадинова*

## *ЗАКОН ЗА ИГРИ НА СРЕЌА*

*Во „Службен весник на РСМ" 108/2020 година се објави Уредба со законска сила за примена на Законот за игри на среќа и за забавните игри („Службен весник на РМ" 27/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/6) според која законот ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено. Измените стапија во сила на 24 април 2020 година.*

## *ВОВЕД*

***На приредувањето на интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб, ќе се применуваат одредбите од уредба со законска тасила за време на траење на вонредната состојба.***

***Право да приредуваат интернет игри на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб, имаат приредувачите на игри на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб, кои имаат лиценца за приредување на игри на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб добиена согласно со Законот за игрите на среќа и за забавните игри.***

***Истите имаат право интернет игрите на среќа да ги приредуваат преку веб апликација (веб страна / веб платформа) или мобилна апликација на приредувачот на интернет игри на среќа.***

***Со Уредбата се регулираат начинот на спроведување на интернет игри на среќа, обврски кои треба да ги исполнат, начин на спроведување, заштита на податоците и заштита на трансферот на пари.***

***Интернет игрите на среќа спроведени согласно уредбата ќе може да се применуваат во времетраење на вонредната состојба и 6 месеци по завршување на истата.***

## *1. УРЕДБА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на РМ" 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), **ќе се применува** за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

На приредувањето на интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб, ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила за време на траење на вонредната состојба.

### *1.1. Кој има право да приредува интернет игри на среќа*

Право да приредуваат интернет игри на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб, имаат приредувачите на игри на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб кои имаат лиценца за приредување на игри на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб, добиена согласно со Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Приредувачите на интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб, имаат право интернет игрите на среќа да ги приредуваат преку веб апликација (веб страна / веб платформа) или мобилна апликација на приредувачот на интернет игри на среќа. Веб апликацијата или мобилната апликација на приредувачот на интернет игрите на среќа во обложувалница претставува уплатно - исплатно место, односно деловна просторија на казино и автомат клубот.

Приредувачите на интернет игрите на среќа мора да **ИМААТ ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РС** Македонија, односно хардвер и софтвер, преку кои играчите учествуваат во интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб и за размена на податоци со серверот на Управата за јавни приходи.

Приредувачите на интернет игрите на среќа се должни приредувањето на интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб преку веб апликација (веб страна / веб платформа) или мобилна апликација на приредувачот на интернет игри на среќа да го вршат користејќи го постојниот надзорен информациски систем (НИС), кој е поврзан со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

### *2.ОБВРСКА ЗА ПОСЕБНА ДАВАЧКА КАЈ ПРИРЕДУВАЧИТЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА*

Приредувачите на игри на среќа, со законска сила имаат право да ги приредуваат игрите на среќа кои ги имаат уредено со Правилата за игри на среќа одобрени од страна на Министерството за финансии, согласно издадената лиценца.

***Приредувач на интернет игри на среќа - казино и автомат клуб*** плаќа посебна давачка од 23% на разликата меѓу уплатениот износ преку веб или мобилната апликација на приредувачот на интернет игри на среќа и исплатениот износ, на месечна основа. Посебната давачка се плаќа до 15-ти во месецот, за претходниот месец.

***Приредувач на интернет игри на среќа - обложувалница***, плаќа посебна давачка од 4% на вкупно уплатениот износ во форма на влог преку веб или мобилната апликација на приредувачот на интернет игри на среќа, на месечна основа. **Посебната давачка** се плаќа **до 15-ти** во месецот, за претходниот месец.

Уплатен износ преку веб или мобилна апликација на приредувачот на интернет игрите на среќа - казино и автомат клуб, претставува збир на сите поединечни трансакции - влогови извршени од евиденциските сметки на сите регистрирани учесници во интернет игрите на среќа на сметката на приредувачот на интернет игри на среќа - казино и автомат клуб,

а исплатен износ, претставува збир на сите поединечни трансакции - исплати кои се вршат од сметката на приредувачот на игрите на среќа - казино и автомат клуб на евиденциските сметки на сите регистрирани учесници во игрите на среќа и задржаниот данок на доход на овие исплати.

Вкупно уплатен износ во форма на влог преку веб или мобилна апликација на приредувачот на интернет игрите на среќа – обложувалница, претставува збир на сите поединечни трансакции - влогови извршени од евиденциските сметки на сите регистрирани учесници во интернет игрите на среќа на сметката на приредувачот на интернет игри на среќа - обложувалница.

Заради обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб, за намирување на посебната давачка, како и даноците и другите јавни давачки, како и другите обврски, Министерството за финансии наплатува средства од депонираните депозити и/или гаранциите на приредувачите со законска сила, обезбедени по основ на лиценците за приредување на игри на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб.

### *3.ПРАВИЛА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ ИГРИ НА СРЕЌА*

Пред да започне со приредување на интернет игрите на среќа, приредувачот објавува правила за приредување на интернет игрите на среќа преку веб апликација (веб страна / веб платформа) или мобилна апликација одобрени од страна на Министерството за финансии. Правилата се објавуваат на интернет страната на приредувачот на интернет игрите на среќа.

Во интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб што се приредуваат преку веб апликација (веб страна / веб платформа) или мобилна апликација можат да учествуваат само учесници кои се регистрирани кај приредувачот на интернет игрите на среќа.

Учесникот регистрацијата ја врши електронски со пополнување на пријава за учество во интернет игрите на среќа на веб апликација (веб страна / веб платформа) или на мобилна апликација на приредувачот на интернет игрите на среќа.

При регистрацијата, учесникот во интернет игрите на среќа склучува договор за учество во интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб кои ги приредува приредувачот на интернет игрите на среќа преку веб апликација (веб страна / веб платформа) или мобилна апликација на приредувачот на интернет игри на среќа.

Договорот се склучува со регистрирањето преку веб апликација (веб страна / веб платформа) или мобилна апликација за учество во игрите на среќа од страна на учесникот, со што учесникот ги прифаќа условите за учество, правилата на игра и другите договорни одредби кои ги пропишал приредувачот на интернет игри на среќа.

За регистрација, учесникот во интернет игрите на среќа задолжително ги доставува следните податоци:

- ✓ ***име и презиме;***
- ✓ ***адреса;***
- ✓ ***ден, месец и година на раѓање;***
- ✓ ***и-мејл адреса;***
- ✓ ***ЕМБГ***
- ✓ ***лозинка и***
- ✓ ***податоци за трансакциска сметка каде што ќе се исплатува добивката односно каде што ќе пренесуваат средства од евиденциската сметка.***

Ако приредувачот на интернет игрите на среќа утврди дека регистрираниот учесник во игрите на среќа доставил лажни информации и покрај тоа што веќе е регистриран, приредувачот е должен веднаш да го исклучи како учесник и да ја поништи регистрацијата, а за тоа да го извести учесникот веднаш.

Едно лице може да поседува по еден кориснички профил кај еден приредувач, односно со еден ЕМБГ и една иста и-мејл адреса, учесникот не може да креира повеќе кориснички профили.

Приредувачот на интернет игрите на среќа е должен да му ги стави на располагање на учесникот во игрите на среќа следните информации:

1) сите правила кои се однесуваат на интернет игрите на среќа кои ги приредува и

2) трошоците за учество на учесникот во игрите на среќа кои приредувачот на игрите на среќа може да ги наплати.

### *4. ЕДНА ЕВИДЕНЦИСКА СМЕТКА НА РЕГИСТРИРАН УЧЕСНИК*

Приредувачот на интернет игрите на среќа за приредување на интернет игри на среќа отвора и води само една евиденциска сметка на регистриран учесник во игрите на среќа.

Приредувачот на игрите на среќа за приредување на интернет игри на среќа ги евидентира на евиденциската сметка, отворена за регистриран учесник во игрите на среќа:

- средствата кои регистрираниот учесник во игрите на среќа ги уплатил на својата евиденциска сметка и
- секоја остварена добивка од одделна интернет игра на среќа, намалена за износот на данокот на доход.

Средствата за учество во интернет игрите на среќа кон приредувачите на интернет игри на среќа и исплатите кон сите регистрирани учесници во игрите на среќа се вршат со пренос на средствата преку банка со седиште во Република Северна Македонија.

Уплатите за учество во интернет игрите на среќа преку веб апликација (веб страна / веб платформа) или мобилна апликација кај приредувачот на интернет игри на среќа од страна на физичко лице резидент или нерезидент на Република Северна Македонија се вршат во денари.

Уплатените средства на евиденциската сметка, не претставуваат промет од игри на среќа, согласно со Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Прометот од игри на среќа настанува со уплата (пренос) на влогот од евиденциската сметка на регистрираниот учесник за учество во интернет игрите на среќа, преку веб апликација (веб страна / веб платформа) или мобилна апликација на приредувачот на интернет игри на среќа. За износот на влогот на секоја одделна интернет игра на среќа, се намалуваат

средствата од евиденциската сметка на регистрираниот учесник за учество во интернет игрите на среќа.

Остварената добивка од игрите на среќа за секоја игра намалена за износот на данокот на доход, се евидентира на евиденциската сметка на учесникот во играта на среќа.

Приредувачот на интернет игрите на среќа не смее да вклучи учесник во интернет игрите на среќа, доколку:

- ✓ ***не е регистриран согласно со правилата за регистрација на учесниците во игрите на среќа;***
- ✓ ***нема доволно средства на сметката на регистриран учесник во игрите на среќа за покривање на висината на влогот; или***
- ✓ ***дознае дека средствата потребни за покривање на висината на влогот не се обезбедени на законит начин.***

Се забранува уплата на средства во готово од страна на регистриран учесник во игрите на среќа спрема приредувачот на игрите на среќа за приредување на интернет игри на среќа.

Уплатата на средства од страна на регистрираниот учесник во игрите на среќа спрема приредувачот на интернет игрите на среќа за приредување на интернет игри на среќа може да се врши само на еден од следните начини:

*1) платежна картичка (кредитна или дебитна) и/или*

*2) електронски трансфер (електронско банкарство) и/или со уплата на шалтер кај носител на платен промет.*

Приредувачот на интернет игрите на среќа не смее да му одобрува кредит на учесникот во игрите на среќа или на сметката на учесникот во игрите на среќа или пак да дејствува како посредник за лице кое обезбедува кредит за да го олесни обезбедувањето на кредитот за учесникот во игрите на среќа или за сметката на учесникот во игрите на среќа.

Приредувачот на интернет игрите на среќа е должен, на барање на регистриран учесник во игрите на среќа на чие име е формирана евиденциска сметка кај приредувачот на интернет игрите на среќа, да ги уплати расположливите средства на учесникот во игрите на среќа, со пренос на средствата преку банка на неговата трансакциска сметка, односно на кредитна или

дебитна картичка, не подоцна од пет работни дена по приемот на барањето.

Исплатата на средства од евиденциска сметка на регистрираниот учесник не претставува исплата согласно со Законот на игрите на среќа и за забавните игри. Приредувачот на интернет игрите на среќа е должен во секое време на учесникот да му овозможи увид во неговата евиденциска сметка.

### *5. ПОСЕБЕН ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИСТАП НА УЈП*

Приредувачот на интернет игрите на среќа, должен е да и овозможи посебен електронски пристап во реално време на Управата за јавни приходи. Преку овој пристап, Управата за јавни приходи во секое време може да ги добие следните податоци:

- ✓ Податоци од регистарот на регистрирани учесници во интернет игрите на среќа;
- ✓ Податоци за евиденција на средствата на евиденциските сметки со време на евидентирање;
- ✓ Податоци за влоговите во игрите на среќа со време на уплата за секој поединечен влог;
- ✓ Податоци за исплатените средства од приредувачот на евиденциската сметка на учесникот во интернет игрите на среќа со време кога е извршена исплатата;
- ✓ Податоци за остварените добивки од интернет игрите на среќа со време на нивно настанување и
- ✓ Податоци за исплатените добивки од интернет игрите на среќа со време на секоја поединечна исплата.

### *6. ГЛОБИ*

Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра ќе му се изрече за прекршок на приредувачот на интернет игри на среќа ако:

- ✓ не му ги стави на располагање на учесникот во игрите на среќа следните информации:

1) сите правила кои се однесуваат на интернет игрите на среќа кои ги приредува и

2) трошоците за учество на учесникот во игрите на среќа кои приредувачот на игрите на среќа може да ги наплати.

- ✓ не му ги уплати расположливите средства на учесникот во игрите на среќа на негова трансакциска сметка во рок не подоцна од 5 работни денови по приемот на барањето и

- ✓ не и овозможи посебен електронски пристап во реално време на Управата за јавни приходи до податоците.

На одговорното лице во приредувачот на интернет игри на среќа ќе му се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност.

Оваа уредба со законска сила ќе се применува за време на траење на вонредната состојба како и 6 месеци по престанувањето на траењето на вонредната состојба.

Ова уредба влегува на сила од 24 Април 2020 година.

**ФИНАНСИИ**

*м-р: Магдица Костадинова*

# ФИНАСИСКА ПОДРШКА ЗА СПОРТИСТИ СТРУЧНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКА АДМИНИСТРАЦИЈА И ЗА САМОСТОЈНИТЕ УМЕТНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСОТЈБА

*Финансиската подршка за спортисти стручни лица од оБласта на спортот и спортската администрација е регулирана согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација објавена во („Службен весник на РСМ" 90/20; 94/20), а за самостојните уметници согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на самостојните уметници објавена во („Службен веснбик на РС.М" 90/20).*

## 1. ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ЗА СПОРТИСТИ СТРУЧНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКА АДМИНИСТРАЦИЈА И ЗА САМОСТОЈНИТЕ УМЕТНИЦИ

Согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка за ***Спортисти, Стручни лица од областа на спортот и Спортската администрација*** (во продолжение Уредбата), се уредуваат условите, начинот и постапката за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација и на самостојните уметници за месеците ***АПРИЛ И МАЈ 2020 година.***

**СПОРТИСТ** е физичко лице кое спортските активности ги врши професионално, има склучено договор во спортски клуб и е впишан во регистерот на спортисти што настапуваат во системот на натпревари, што го води националната спортска федерација.

**СТРУЧНО ЛИЦЕ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ**" е тренер кои има завршено најмалку више образование во областа на спортот или стекнато лиценца/и добиени од соодветна меѓународна спортска асоцијација, како и стручно лице лекар, психолог, нутриционист и друго стручно лице од областа на спортот кое има соодветно образование од односната професија и е впишано во регистерот на тренери и други стручни лица што ги води националната спортска федерација.

**СПОРТСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** се физички лица кои се вработени како административни работници на неопределно или определено време или ангажирани со друг вид на договор во спортските клубови и националните спортски федерации.

## *1. ПРЕДМЕТ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Согласно член 2 од Уредбата, Финансиската поддршка на ***Спортисти, Стручни лица од областа на спортот и Спортската администрација***, ќе се спроведува преку Агенцијата за млади и спорт со средства обезбедени од Буџетот на РС Македонија. Предмет на финансиска поддршка е **исплата на финансиски средства** за месеците ***АПРИЛ И МАЈ*** 2020 година, во месечен износ ***од 14.500 денари***.

**Корисник** на финансиска поддршка може да биде **Спортист, Стручно лице од областа на спортот и Спортска администрација** кое е:

- **Државјанин** на РС Македонија;
- **Вработено на неопределно или определено време** или ангажирано со договор на дело, авторски договор или друг договор со кој лицето е повремено или привремено ангажирано за извршување на работа во спортски клубови и национални спортски федерации, кои имаат решение за вршење дејност спорт, во натпреварувачката 2019/2020 година, **од 1 септември 2019 година;**
- **За месец декември 2019 година и јануари и февруари 2020 година,** не остварило нето плата и/или надоместок врз основа на договор за работа во спортски клубови и национални спортски федерации повисок **од 39.900 денари** за секој месец одделно, согласно склучените договори и извршените исплати за истиот период.

- **Не е вработено или ангажиран со договор за работа** во друг правен субјект во месец **АПРИЛ И МАЈ** 2020 година според евиденцијата на Агенција за вработување.

## *2. ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАЌАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Согласно Член 3 од Уредбата, Агенцијата за млади и спорт ***во рок од три дена*** од денот на влегувањето во сила на Уредбата односно од 07.04.2020, на својата веб страна објавува соопштение за примена на Уредбата и во истиот рок Уредбата ја доставува заедно со ***Барањето за исплаќање на финансиска поддршка за спортисти, стручни лица и спортска администрација*** за време на траењето на вонредната состојба, со потребната документација Барање, и Изјава.

Спортските клубови кои имаат лица кои може да користат финансиска поддршка согласно Уредбата, до 15 Април 2020 година ***до Националната спортска федерација*** доставуваат комплетна документација за користење на финансиската поддршка, односно за секое физичко лице спортист, стручен работник од областа на спортот или спортска администрација го доставуваат одделно Барањето и Изјавата со приложената документација.

Националните спортски федерации до 22 април 2020 година до ***Агенцијата за млади и спорт*** доставуваат комплетна документација за користење на финансиската поддршка, односно за секое физичко лице спортист, стручен работник од областа на спортот или спортска администрација од спортски клуб или националната спортска федерација го доставуваат одделно Барањето и Изјавата со потребната документација.

## *3. КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Согласно член 4 од Уредбата, за користење на финансиска поддршка за спортисти, стручни работници од областа на спортот и спортска администрација, одлучува Комисија за финансиска поддршка за спортисти, стручни работници од областа на спортот и спортски работници.

Директорот на Агенцијата за млади и спорт ја формира Комисијата која се состои од пет члена, од редот на вработените во Агенцијата.

Врз основа на увид во поднесената документација за остварување на финансиска поддршка за спортисти, стручни работници од областа на спортот и спортска администрација, Комисијата врз основа на комплетноста на документацијата и проверка на точноста на податоците од истата, **изготвува листа со податоци за барателите што имаат доставено комплетна документација** и истата ја доставува до директорот на Агенцијата за млади и спорт.

Листата на баратели на финансиска поддршка за спортисти, стручни работници од областа на спортот и спортска администрација што имаат доставено комплетна документација, Агенцијата за млади и спорт ја доставува до Агенцијата за вработување:

- до **30 АПРИЛ 2020** година, со **БАРАЊЕ за ИЗВЕСТУВАЊЕ** во врска со член 2 точка 3 алинеја 4 од Уредбата односно известување, (дека лицето не е вработено или ангажирано по Договор за работа во друг правен субјект во месец **АПРИЛ И МАЈ 2020 година** според евиденцијата на Агенцијата за вработување), дали секое поединечно лице од доставената листа е вработено во друг правен субјект во месец **АПРИЛ 2020** година според евиденцијата на Агенцијата за вработување;
- до **30 МАЈ 2020 година**, со **БАРАЊЕ за ИЗВЕСТУВАЊЕ** во врска член 2 точка 3 алинеја 4 од Уредбата односно известување, (дека лицето не е вработено или ангажирано по Договор за работа во друг правен субјект во месец **АПРИЛ И МАЈ 2020** година според евиденцијата на Агенцијата за вработување), дали секое поединечно лице од доставената листа е вработено во друг правен субјект во месец **МАЈ 2020 година**, според евиденцијата на Агенцијата за вработување.

Агенцијата за вработувањеи врз основа на поднесеното **БАРАЊЕ, до 5 МАЈ 2020 година, односно до 5 ЈУНИ 2020 година** ја известува Агенцијата за млади и спорт за лицата од листата, доколку се вработени или ангажирани со договор на работа во друг правен субјект.

## *4. ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Согласно член 5 од Уредбата по добивање на Известување од Агенцијата за вработување, Комисијата констатира дали се исполнети сите услови, како и врз основа на комплетност на документацијата, до **10 МАЈ 2020 година** за корисници на финансиска поддршка ЗА **АПРИЛ 2020 година**, односно до 10 јуни 2020 година за корисници на финансиска поддршка за **МАЈ 2020 година**, доставува до директорот на Агенцијата листа на корисници, заради донесување на решенија за финансиска поддршка.

**Исплата на средствата** за финансиска поддршка за спортисти, стручни работници од областа на спортот и спортска администрација се врши по донесено решение од директорот на Агенцијата за млади и спорт на трансакциска сметка на корисникот на финансиската поддршка, ***најдоцна до 15 МАЈ 2020 година за финансиската поддршка за месец АПРИЛ 2020 година, односно најдоцна до 15 ЈУНИ 2020 година за финансиската поддршка за месец МАЈ 2020 година.***

## *5. ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ И ИЗЈАВА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Спортските клубови кои имаат лица кои може да користат финансиска поддршка согласно Уредбата, до 15 Април 2020 година до Националната спортска федерација доставуваат комплетна документација за користење на финансиската поддршка, за секое физичко лице Спортист, Стручен работник од областа на спортот или Спортска администрација го доставуваат одделно **Барањето и Изјавата со приложената документација.**

**До:**

**Агенција за млади и спорт - Сектор спорт**

**Ул „Македонија“ бр. 38, 1000 Скопје**

**БАРАЊЕ**

**ЗА ИСПЛАЌАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТИСТИ, СТРУЧНИ ЛИЦА И СПОРТСКА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА**

**Од** ____________________________________________

**(име и презиме)**

**Од**

________________________________________________________

**(адреса на живеење)**

**Тел:**______________________**e-mail** ______________________

| **ЕМБ** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | |
|---|---|
| **Барател:** | - **Спортист**<br>- **Стручно лице**<br>- **Спортска администрација** |
| **Вработен / Ангажиран со Договор:** | - **Клуб**<br>- **Федерација**<br>**Работно место:** |
| **Договор за работа** | **Бр.** ________________ **дата** ____________<br><br>**Определено** **Неопределено** |

**Плата му исплаќал:**

| | |
|---|---|
| ***ЕДБ*** | |
| ***ЕМБС*** | |
| ***НАЗИВ*** | |
| ***АДРЕСА / СЕДИШТЕ*** | |
| ***е-Пошта*** | |
| ***Телефон*** | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

Во прилог на барањето ја доставувам следната документација за исполнување на условите, согласно Уредбата со законска сила за утврдување на исплаќање на финансиска поддршка за спортистите, стручни лица и спортска администрација. за :

**1. Спортисти:**

- Изјава од спортистот ( изјавата во прилог )
- Договор за работа,
- Доказ за исплатени средства по Договор согласно Уредбата од септември 2019 до февруари 2020,
- Потврда од националната спортска федерација со која се потврдува спортистот дека е впишан во Регистарот на спортисти што учествуваат во системот на натпревари

**2. Стручни лица:**

**а.) Тренери**

- Изјава од тренерот ( изјавата во прилог )
- Договор за работа,
- Доказ за исплатени средства по Договор согласно Уредбата од септември 2019 до февруари 2020,
- Доказ за стручно образование или лиценца од соодветната меѓународна спортска асоцијација,

**б.) Стручни лица (лекари, психолози, нутриционисти и др.)**

- Изјава од лекари, психолози, нутриционисти и др. ( изјавата во прилог )
- Договор за работа,
- Доказ за исплатени средства по Договор согласно Уредбата од септември 2019 до февруари 2020,
- Доказ за соодветно образование од односната професија и се впишани во регистерот на тренери и други стручни лица што ги води националната спортска федерација.

**3. Спортска администрација:**

- Изјава од административец вработен/ангажиран со договор во Национална спортска федерација или клуб (изјавата во прилог )
- Договор за работа,
- М1 и М2 обрасци,
- Доказ за исплатени средства по Договор согласно Уредбата од септември 2019 до февруари 2020,

**НАПОМЕНА:**

*** Барањето треба да биде пополнето точно, веродостојно, читливо и целосно.**

***Со потпишувањето на ова барање, барателот физичко лице слободно изрично ја изјавува својата волја и дава согласност Агенцијата за млади и спорт да ги користи сите негови лични податоци (вклучувајќи и ЕМБГ) согласно Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015 и 99/2016) со цел издавање на потврдата.**

| Дата | Претседател / Генерален секретар |
|---|---|
| ______________ | ____________________________ |

## И З Ј А В А

Јас, ________________________________ со ЕМБГ ______________________, под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека не сум вработен и не примам плата од друг правен субјект. Сите податоци прикажани во Барањето за исплаќање на финансиска поддршка за спортисти, стручни лица и спортска администрација за време на траењето на вондредната состојба се вистинити.

Во случај на утврдување на невистиност на податоците, согласен сум да бидат преземени соодветни законски мерки.

**ИЗЈАВИЛ**

____________________

## *6. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА САМОСТОЈНИТЕ УМЕТНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка за **Самостојни уметници за време на вонредна состојба** (***во продолжение Уредбата***), се уредува финансиска поддршка на Самостојните уметници за месеците **АПРИЛ И МАЈ *2020 година*** во месечен износ од **14.500 денари**.

### *6.1. Самостоен уметник*

Согласно член 14 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), ако уметникот творештвото го остварува професионално, како единствено занимање и доколку согласно со законот и со прописите за трговските друштва се регистрира за вршење на уметничка дејност, стекнува статус на самостоен уметник и права од работен однос, согласно со законот и со прописите за трговските друштва (во натамошниот текст: самостоен уметник).

Самостојниот уметник се регистрира во Централниот регистар, ако има деловна способност, постојано живеалиште во Републиката и ако не е регистриран за вршење друга дејност.

Називот на самостојниот уметник ги содржи:

- ✓ **Ознаката "самостоен уметник",**
- ✓ **Видот на уметничкото творештво,**
- ✓ **Неговото лично име и презиме и**
- ✓ **Евентуално неговиот псевдоним.**

### *6.2. Месечен надоместок на самостојните уметници*

**Согласно член 16 од Законот за култура,** со цел да се обезбедат поповолни услови за творење на самостојниот уметник, по пат на годишен конкурс**, може да му се доделат месечни надоместоци од средства од Буџетот на Република**

**Македонија, за придонесите за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за Данок на доход**, за што одлучува Министерот за култура, почитувајќи го принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Условите, во зависност од видот, обемот и квалитетот на творештвото, критериумите и постапката за доделување на месечниот надоместок поблиску ги утврдува со општ акт Министерот за култура.

### *6.2.1. Финансиска поддршка на самостојните уметници*

Согласно член 2 од Уредбата, на самостојните уметници кои согласно Законот за култура се стекнале со право на доделување на Месечни надоместоци од Буџетот на Министерството за култура за 2020 година во висина на средствата за **придонеси за Здравствено, Пензиско и инвалидско осигурување и за Данок на доход, им се доделува финансиска поддршка во износ од 14.500,00 денари за месеците АПРИЛ и МАЈ 2020 година.**

# *ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

***дипл. правник: Христина Игнатоска***

## *ЗАКОНСКИ МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ ВРЗ ЕКОНОМИЈАТА ОД КОРОНА ВИРУСОТ COVID-19*

*Поради прогласената пандемија од страна на СЗО, глобалното ширење на Коронавирусот COVID-19, од страна на Владата на РСМ, со воведување на мерките за заштита од ширење на епидемија и воведување на вонредна состојба од траење од 30 дена од страна на Претседателот на РСМ, се донесени одлуки со кои се прекинува работата на одделни правни субјекти (угостителски објекти, спортски објекти, спортски обложувалници итн.).*

### *ВОВЕД*

Поради донесените одлуки многу од правните субјекти кои се погодени од прекинот на работата, трпат големи финансиски загуби. Обврските за надоместок на плата на работниците кои нема да работат во периодот поради овие причини, останува отворено прашање.

Законската регулатива има имплементирано мерки кои стојат на располагање на работодавачите, кои можат да придонесат за намалување на трошоците во време кога се појавило влошување на финансиската состојба во која се затекнале. Според Законот за работни односи(„Службен весник на РСМ" 62/05...110/19) и колективните договори како мерки се набројуваат:

- Привремено намалување на основната плата;
- Договорно намалување на основната плата;
- Намалување на нето плата поради виша сила;
- Неплатено отсуство;
- Намалување на полно работно време под 40 часа;
- Воведување на неполно (скратено) работно време.

Од наведените законскити мерки, поради нивната рестриктивност, најпогодени се работниците, бидејќи се намалуваат нивните лични примања, а се наменети за подобрување на финансиката состојба во одредениот период кога е настаната лошата финансиска состојба на друштвото.

Овие мерки се имплементираат со цел подобрување и заздравување на економската стабилност на друштвото со цел побрзо да се врати во претходната состојба во однос на работниот однос. Овој тип на мерки се наречени и превентивни мерки, бидејќи со нивното имплементирање би се спречило превземање на рестриктивни мерки од страна на работодавачот, како што се откажување на договорите за работа на мнозинството на работниците од деловни причини (технолошки вишок) поведување на постпки за ликвидација и постапка за стечај на друштвото.

Во моменталната ситуација која ја погоди нашата земја, а вооедно и поголем дел од земјите, се појавија големи економски проблеми кај одделни компании, кои се зафатени од мерките за заштита од ширење на епидемија, најчесто работодавците ги користат мерките за намалување на трошоците на плати и надоместоци со воведување на ***привремен принуден одмор и прекинување на работата поради виша сила.***

## *1. ПРЕКИН НА РАБОТНИОТ ОДНОС ПОРАДИ ДЕЛОВНИ ПРИЧИНИ (ПРИВРЕМЕН ПРИНУДЕН ОДМОР)*

Законот за работни односи содржи општи норми за работните односи во однос на мерката привремен принуден одмор. Најчесто во нашиот правен систем, колективните договори се тие кои подетално се занимаваат со уредување на терминот привремен принуден одмор. ЗРО во членот 112 став 10,

прекинот на работниот процес од деловни причини настанува од страна на работодавачот, во однос на надоместок на плата.

Во овој дел од членот се дефинирани траењето на прекинот на работниот однос, минималниот износ за исплата на работникот како и правната основа за реализирање на прекинот - решение, каде мора да бидат наведени сите потребни податоци за работодавачот, работникот, времетраењето и износот за исплата на работникот.

***Член 112 став 10: Во случај на прекин на работниот процес од деловни причини, работодавачот е должен на работникот да му издаде решение и да му плати 70% од платата за период до три месеца во тековната година.***

Со општиот Колективен договор за приватниот сектор од областа во стопанството („Служ. весник на РМ" 150/12...150/16) е определено дека воведувањето на принуден одмор е определен со колективните договори на ниво на гранка, односно на оддел, односно на ниво на работодавач, каде треба да бидат уредени и причините, условите и постапката за воведување на овој тип на принуден одмор.

Работодавачот може да ја имплементира овој тип на мерка, поради привремен прекин на работата од деловни причини, доколку во работнит процес, производниот процес или во целокупниот деловен субјект настанале ***услови и околности*** кои ја попречуваат и намалуваат деловната способност, како:

- **намалување на обемот на работа;**
- **целосно или делумно престанување на производниот, односно работниот процес или**
- **се појават економски тешкотии кај работодавачот.**

Најчести услови и околности кои се појавуваат се: влошена материјална финансиска состојба на работодавачот, немање на репроматеријали, суровини, енергија, дефекти, ограничен и намален пласман на производи и слично.

### *1.1. Акти за организирање на привремен принуден одмор*

За да се започне постапката за спроведување на привремениот принуден одмор, работодавачот е должен да донесе акти со кои би се уредил текот на целата постапка, поточно да ја организира и спроведе целата постапка за привремениот принуден одмор.

***Акти кои се потребни да се донесат од содружниците на друштвото се***:

А) Програма за надминување на потешкотиите во работењето на друштвото;

Б) Одлука за Привремен принуден одмор;

В) План за спроведување на привремен приуден одмор;

Г) Решение за привремен принуден одмор за секој работник одделно;

Д) Одлука за престанок на потребата за принуден привремен одмор.

#### ***А) Програма за надминување на потешкотиите во работењето на друштвото***

Програмата за надминување на потешкотиите во работењето на друштвото ја изготвуваат содружниците со цел да ги увидат сите начини во кои би можело да се спречи поголеми штети во однос на деловната способност на друштвото. Во друштвата каде постојат синдикални организации, синдикатите треба да ја разгледаат Програмата и да дадат свое мислење за нејзината содржина и да го доставаат до овластеното лице од друштвото.

#### ***Б) Одлука за привремен принуден одмор***

Привремениот принуден одмор се воведува со донесување на Одлука за привремен принуден одмор, која мора да биде донесена од содружниците на друштвото, врз основа на

донесената Програмата за надминување на потешкотиите во работењето на друштвото.

*Одлуката треба да содржи податоци за:*
- бројот на работници кои се упатуваат на привремен принуден одмор;
- времетраењето на привремениот принуден одмор;
- висината на надоместокот на плата за време на привремениот принуден одмор.

## ***Пример на Одлука за Привремен принуден одмор:***

Врз основа на одредбите од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05…..110/19), и член 39 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството за стопанството на РСМ, содружници на Друштвото ________________________________________ ул. “_____________” бр.__од _______________ на ден __________ година ја усвои следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИВРЕМЕН ПРИНУДЕН ОДМОР**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредуваат начинот и постапката за пуштање на работници на привремен принуден одмор, во услови и околности на целосно или делумно престанување на работниот процес, или намалување на обемот на работата во друштвото.

**Член 2**

При определувањето на работниците кои се упатуваат на Привремен принуден одмор се обезбедува техничка сигурност и физичко – техничко обезбедување и одржување на објектите и постројките во организациониот дел на претпријатието во кој се организира ППО и се обезбедува сигурност на квалитетот во работата на преостанатиот дел од друштвото во процесот на работата, што продолжува со работа.

**Член 3**

Управителот на друштвото го определува организациониот дел и делот на производствениот процес, односно работата во која се исполнети условите и околностите за организирање на Привремен принуден одмор.

**Член 4**

Бројот на работниците кои се упатуваат на ППО е _______________ и времетраењето на организирањето на ППО е во период од _____________ месеци, врз основа на програмата која е претходно разгледана од Синдикатот на друштвото.

**Член 5**

Решението за поединечно упатување на работниците на ППО го донесува работодавецот (или лице кое тој ќе го овласти).

Работникот има законско право на приговор против решението за ППО, меѓутоа поднесениот приговор не го задржува извршувањето на решението.

**Член 6**

Бројот на работници кои остануваат на работа и го продолжуват работниот процес е ______________. Тие ги превземат обврските кои дотогаш ги исполнувале работниците кои се пуштени на принуден одмор

**Член 7**

По престанувањето на условите и околностите за организирање на принуден одмор, управителот ќе донесе одлука со која се утврдува дека престанала потребата за организирање на принуден одмор во соодветен организационен дел, односно технолошко – технички производствен процес и дека се создадени потребните услови за редовно одвивање на работниот процес, односно работата во истиот.

**Член 8**

За враќањето на работникот од принуден одмор, важат одредбите на Законот за работни односи. Работникот кој нема да се јави во рок од 3 дена од денот на уредно применото известување дека треба да се јави на работното место чини повреда на работната обврска, за која може да му се изрече решение за престанок на работен однос.

**Член 9**

Работниците кои се упатуваат на привремен принуден одмор имаат право на надомест на плата во висина од 70% од основната плата што ја оствариле во претходниот месец пред да бидат упатени на ППО.

**Член 10**

За време на принудниот одмор работникот има право да врши други дополнителни активности за подобрување на својата материјална состојба заради своја егзистенција.

**Член 11**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Место и датум Содружник:

______________ ____________

***В) План за спроведување на привремен принуден одмор***

Врз основа на претходните два акта кои работодавачот треба да ги донесе, тој треба да го изготви и Планот за спроведување на привремениот принуден одмор кој треба да содржи :

1. Организациони единици во кои се организира привремениот принуден одмор;
2. Времетраењето на привремениот принуден одмор (кој според ЗРО може да биде за период од 3 месеци во тековната година);
3. Бројот на работниците кои се упатуваат на привремен принуден одмор;
4. Бројот на работниците кои продолжуваат да ја вршат работата во друштвото, поточно остануваат на работа (доколку постојат работници кои остануваат на работа);
5. Работите кои ќе ги извршуваат работниците кои не се упатуваат на привремен принуден одмор;
6. Можност за наизменично упатување на работниците на привремениот принуден одмор;
7. Очекуваните економски и финансиски ефекти од спроведување на привремен принуден одмор;
8. И сите други прашања кои се од големо значење за организирање на привремениот принуден одмор.

***Г) Решение за привремен принуден одмор за секој работник одделно***

Работодавачот по донесената Одлука за привремен принуден одмор и Планот за спроведување на привремен принуден одмор, потребно е да издаде на секој работник одделно Решение со кој би го упатил на привремен принуден одмор.

**Решението е потребно да содржи:**

1. ***Податоци за работникот (име, презиме, ЕМБГ, работна позиција);***
2. ***Времетраењето на приврмениот принуден одмор;***
3. ***Висината на надоместокот на плата за време на привремениот принуден одмор.***

Против Решението, работникот има право да поднесе приговор за истото ***во рок од 8 дена*** од врачувањето, до работодавачот (согласно член 181 од ЗРО).

***Пример за Решение за привремен принуден одмор:***

Врз основа на член 112 од Законот за работните односи (“Службен весник на РСМ” 62/05...110/19) и 39 од Општиот колективен договор за стопанството на РМ, (“Службен весник на РМ” 150/12 и 189/13), и Колективниот договор за ________________________ *(да се наведе Колективен договор на гранка или работодавач),* управителот на Друштво ___________________________ ул.”__________” бр. ___, на ден ___________ година го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***

*за отсуство од работа поради прекин на работниот процес*
*од деловни причини*
**(*привремен принуден одмор*)**

Работникот ___________ ул.”__________” бр.___ со лк.бр. ________ и ЕМБГ ___________, на работно место _________, се праќа на привремен принуден одмор, поради ___________________________________ ***(да се наведе причината поради кој е направен прекин на работниот процес)***, во времетраење од ____ месец (најмногу 3 месеци во тековната година), започнувајќи од ________ 2020 година до _________ 2020 година.

За време на прекин на работата од наведените деловни причини , на работникот ќе му се исплати надомест на плата во висина од 70% од неговата плата.

Доставено до:
Работникот:
Оделот за човечки ресурси
Архива

**Управител**

______________________

Правна поука: Работниот има право на приговор на решението во рок од 8 дена од приемот на решението __________________________________ ***(надлежен орган, управител или друг надлежен орган).***

### *1.2. Траење на привремениот принуден одмор*

Согласно правниот систем на РС Македонија и законите кои се определени во однос на работните односи, не е предвидено колку е времетраењето на Привремениот принуден одмор на ниво на работодавач. Тој може да трае онолку колку што е потребно да се подобри и да се надминат причините поради кои е имплентирана оваа мерка. Но, за разлика од ниво на работавач, ЗРО и колективните договори, прекин на работниот однос од деловни причини за работникот е лимитиран. Прекинот на работниот однос на работникот ***не може да трае повеќе од 3 (три) месеци во тековната година.*** (Член 112 став 10 од ЗРО и член 32 од ОКДПС).

### *1.3. Висина на надоместокот за плата за време на Привремениот принуден одмор*

Според ЗРО и колективните договори, висината на надоместокот на плата за време на привремениот принуден одмор е уреден на ист начин и кај приватниот и кај јавниот сектор, но се појавува разлика во колективните договори на овие два сектора, во однос на начинот на кој ќе се определува износот на надоестокот.

Кај приватниот сектор, во случај на привремен принуден одмор настанат поради прекин на деловни причини, работодавачот е должен на работникот да му исплати надоместок на пла-

та во висина на 70% од платата за период од три месеци во тековната година, (член 112 став 10 и член 32 од ОКДПС).

Кај јавниот сектор, кога настанува прекин на работата од деловни причини во други случаи на отсуство од работа, на работникот му се исплаќа надомест на плата во висина на неговата просечна исплатена плата во последните три месеци, во која не се вклучува додатокот на плата за прекувремена работа (член 19 од ОКДЈС).

Со колективните договори на ниво на гранка, дејност, оддел или работодавач може да се утврдат и поповолни услови во поглед на висината на надоместокот на плата за време на привремен принуден одмор.

### *1.4. Престанување на привремениот принуден одмор*

Кога ќе престанат условите и околностите на привремениот принуден одмор, содружниците на друштвото треба да донесат Одлука за престанување на привремениот принуден одмор. Работниците кои со Решение се испратени на привремен принуден одмор, треба да бидат писмено известени до работодавецот дека се прекинува приврмениот принуден одмор и дека е потребно да се јават на своите работни места од датумот определен во писменото известување.

Доколку работникот неоправдано не се појави на своето работно место во рок од 3 последователни работни денови од денот на опредлениот датум определен од работодавецот, или не го известил работодавецот за своето оправдано остсуство, работодавачот според ЗРО член 82 став 1 точка 1 има право да му го откаже договорот за вработување на работникот, без отказен рок.

## *2. ПРЕКИН НА РАБОТАТА ПОРАДИ ВИША СИЛА*

Според правната литература, „виша сила" е правен поим кој се однесува на некој надворешен настан кој неможел да се предвиди, избегне или отстрани. Виша сила, преставува настан кој не зависи од волјата на субјектот кој е надвор од сферата на делување на субјектот и кој субјектот не можел да го предвиди, отстрани или избегне, како што е и моменталната состојба во нашата земја поради појавата на Корона вирусот COVID-19.

Согласно наведената дефиниција, прекинот на работата кај одделни правни субјекти во нашата земја поради донесените одлуки за мерки за спречување за внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, донесени од Владата на РСМ, за правните субјекти засегнати од овие одлуки, има третман на виша сила кои според правниот поим е настан кој не зависи од правните субјекти и лицата одговорни за работењето на друштвата.

Согласно член 112 став 7 од Законот за работни односи, доколку работникот не може да ја врши работата поради виша сила има право на половина од платата (50%), на која инаку би имал право ако би работел.

***Пример за Решение за прекин на работниот процес поради виша сила:***

Врз основа на член 112 од Законот за работните односи („Службен весник на РСМ" 62/05...110/19) и Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19 бр.44-2147/1 од 12.03.2020 година и измените на оваа одлука бр.44-2247/2 од 13.03.2020 година, бр.44-2147/3 од 14.03.2020 година, и бр.44-2147/4 од 16.03.2020 година на Владата на РСМ, Управителот на Друштвото __________ ______________________, на ден __.__.2020 година, го донесе следното:

***РЕШЕНИЕ***

***за отсуство од работа поради прекин на работниот процес поради виша сила***

1. На работникот __________________________поради прекин на работниот процс поради виша сила - поради спречување на внесување и ширење и можност од заразување од коронавирусот COVID-19, а со цел обезбедување заштита на здравјето на населението на територија на РСМ, му се прекинува работата, во времетраење од _________ дена, започнувајќи од ______ 2020 година до _________ 2020 година.
2. За време на прекинот на работата поради виша сила, на работникот ќе му биде исплатена половина од платата што би ја остварил кога би работел.

**Управител**

__________________

Доставено до:
- Работникот
- Одделот за човечки ресурси
- Архива

## *3. НЕПОЛНО (СКРАТЕНО) РАБОТНО ВРЕМЕ*

Согласно член 48 и 49, Законот за работните односи („Службен весник на РСМ" бр.62/05...110/19), работодавачот и работникот може да склучат договор за вработување на неполно (скратено) работно време.

Договор за вработување на неполно (скртено) работно време, работниците може да го склучат и со повеќе работодавци и така да го постигне полното работно време кое е определено со закон (40 часови неделно).

Неполно (скратено) работно време се смета времето кое е пократко од полното работно време кај работодавачот.

Секој работник кој склучил договор за вработување со неполно (скратено) работно време, има исти договорни и други права и обврски како и работникот кој работи со полно работно време, и ги остварува ***пропорционално*** на времето, за кое што склучил договор за вработување. Работникот исто така има и *право на годишен одмор со минимално времетраење од десет работни дена*.

Работодавачот на работникот кој работи на неполно (скратено) работно време, не смее да му наложи да работи подолго од договореното време, кое треба да биде утврдено со договорот за вработување на неполно (скратено) работно време, освен во случаи на природна или друга несреќа определени во членот 119 од ЗРО.

Работниците кои склучуваат договори за вработување на неполно (скратено) време со повеќе работодавци е должен да се договори со работодавците за работното време, начинот на користење на годишниот одмор и другите отсуства од работа.

### *3.1. Промена на полното работно време со воведување на неполно (скратено) работно време*

Работодавачот, се одлучува да воведе неполно (скратено) работно време наместо полното работно време, со цел да се намалат трошоците на работењето за подобрување на финсиската состојба. Доколку работодавачот одлучи да воведе неполно (скратено) работно време, наместо полно работно време потребно е да донесе *Одлука за промена на работното време од полно во неполно.*

Работодавачот по донесената одлука, потребно е со вработените да склучи ***Анекс на договорите за вработување,*** каде е потребно да се направи измена на членот во кој е определено работното време (член 28-а од ЗРО).

Промената на работното време од полно во неполно (скратено), работодавачот може да го склучи со работникот, доколку му понуди на работникот нов договор за вработување со неполно (скратено) работно време, со отказ од договорот за вработување на полно работно време (постојниот договор со работникот), според член 78 од ЗРО.

Доколку во рок од 15 дена од денот на приемот на понудата, во моментот кога работникот ќе изјави дека не ја прифаќа понудата, или во рок од 15 дена воопшто не се изјасни за понудата на новиот договор на неполно работно време, што би значело како неприфаќање на понудата, работодавачот може да му врачи отказ на работникот за неговиот договор за вработување кое го имаат склучено.

Промената на работното време на работникот, работодавачот треба да го пријави во:

1. ***Фондот за пензиско и инвалидско осигурување*** (со поднесување на образец М3 и М3-а, Одлука за промена на работно време од полно во неполно време, анекс на договорот за вработување);
2. ***Агенцијата за вработување на РСМ*** (сите документи кои претходно се доставуваат до ПИОМ и овластување за пријавување кое може да се најде на страната на АВРСМ);
3. ***Управата за јавни приходи.***

Како што знаеме и претходно, овие институции се електронски поврзани, но во овој случај на промена на работното време од полно во неполно, работодавачот ќе мора лично да ги направи постапките на шалтерите на самите институции.

### *Пример: Одлука за промена на работното време од полно во неполно*

Врз основа на член 48 од Законот за работните односи („Службен весник на РСМ” бр.62/05...110/19), Управителот на Друштвото_________________________, со седиште на ул. _________________________, на ден __.___.2020 година, ја донесе следната:

***ОДЛУКА***
***За промена на работното време од полно во неполно***

***Член 1***

На работникот, вработен на работно место _________________ во Друштвото ____________________, му се менува работното време од полно, 40 часа неделно, во неполно 20 часа неделно, заради нужноста од намалување на трошоците на работењето на работодавачот поради влошената финансиска состојба предизвикана со спроведување на заштитните мерки на Владата на РСМ за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19 и воведување на вонредна состојба .

***Член 2***

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Правна поука: Работниот има право на приговор на одлуката до управителот во рок од 8 дена од денот на врачувањето.

Место и датум

Управител

______________ ____________

# ИНФОРМАЦИИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

# П Л А Т И
# ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2020 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за 2019 година (за даноци и придонеси)* | *38.319,00* |
| *Најниска основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за цела 2019 година за образец МП - ИН* | *19.160,00* |
| *Највисока основица за пресметка на придонеси од работен однос (16 x 38.319)* | *613.104,00* |
| *Даночно ослободување за 2020 година* | *8.228,00* |
| *Дневница за службени патувања од 20.04.2020* | *2.176,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по врабо-тен за 2019 година* | *25.213,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вра-ботен за 2019 година* | *37.446,00* |

## *1. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08...171/17;35/18;247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување, не може да биде пониска од 50% од просечна плата по работник во Република Македонија, објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС, ***која за 2020 година, изнесува:***

**19.160,00 денари (38.319,00 x 50%)**

За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга, Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основица за осигурување за тековната година неможе да биде пониска од просечна плата по работник во РМ објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС која за 2020 година изнесува:

**38.319,00 денари**

## *2. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ***НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот од (16) шеснаесет просечни плати кој износ за 2020 година, изнесува:

**613.104,00 денари (16 х 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати кој за 2019 година, изнесува.

**613.104,00 денари (16 х 38.319,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаест просечни плати.***

**459.828,00 денари (12 х 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Северна

Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

**30.655,00 денари (38.319,00 денари x 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, која ***за 2020 година изнесува: 38.319,00 денари.***

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.**

### *3.ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| ***ПРИДОНЕСИ*** | **Стапка** | **Најнизок износ** | **Највисок износ** |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за ***месец АПРИЛ 2020 година***, за еден вработен изнесува: | 18,8% | ***3.602,00*** | ***115.264,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за ***месец АПРИЛ 2020*** година, за еден вработен изнесува: | 7,5% | ***1.437,00*** | ***45.983,00*** |
| Придонесот за вработување за ***месец АПРИЛ 2020 година***, за еден вработен изнесува: | 1,2% | ***230,00*** | ***7.357,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за ***месец АПРИЛ 2020*** година, за еден вработен изнесува: | 0,5% | ***96,00*** | ***3.066,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***5.365,00*** | ***171.670,00*** |

## *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/16; 02/19; 239/19), висината на минималната плата во Република Македонија ***за месец Април, Мај и Јуни( за времетраење на вонредна состојба) ќе изнесува:***

**- 14.500,00 денари НЕТО износ;**

**- 21.107,00 денари БРУТО износ.**

## *5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *5.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2020 до 31.12.2022 година)*

Согласно член 12 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19), данокот на личен доход за данок од работа се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ❑ **Пропишана стапка во износ од 10% или**
- ❑ **Пресметана стапка од 11,1111%.**

### *5.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за данок на личен доход, Даночното намалување за 2020 година, на месечно и годишно ниво, изнесуваат:

| Период | 2020 година |
|---|---|
| Месечно | 8.228,00 |
| Годишно | 98.736,00 (8.228 x 12) |

## *6. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за ***месец МАРТ 2020 год***. во однос на ***месец ФЕБРУАР 2020*** година ***се повисоки за 0,2%).***

2. Право на пораст на платите за ***месец МАРТ 2020*** во однос на ***месец ФЕБРУАР 2020*** година, ***изнесува 0,01%.***

## *7.РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за ***месец (АПРИЛ) 2020*** година, изнесуваат: ***176 часа.***

## *8. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *8.1. Надоместоци од плата за општествени и мешовити правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(II) АПРИЛ 2020 година*** изнесува:

***27.206,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.38 од 21.04.2020).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***основицата од 27.206,00 денари:***

**За општествени правни лица**

| |
|---|
| 1. **Регрес за годишен одмор (60% од основицата за општествени субјекти):**<br>***16.324,00 денари (27.206,00 х 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа данок на личен доход по стапка од 11,11%*** |
| 2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата):**<br>***54.412,00 денари (2 х 27.206,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 54.412,00 денари*** |
| 3. **Одвоен живот од семејството:** (60% основицата):<br>***16.324,00 денари (27.206,00 х 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 16.324,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна ***БРУТО*** плата по вработен за месец ***(II) АПРИЛ 2020 година***, изнесува:

***40.588,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.37 од 21.04.2020).***

### *8.2. Надоместоци од плата за приватен сектор*

Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци ***(XII, I, II/2019-2020 година) АПРИЛ 2020 година изнесува:***

***27.194,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.38 од 20.04.2020).***

Износот ***27.194,00 денари*** претставува основица за пресметување на следните надоместоци:

## *РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*

**1. Регрес за годишен** одмор (Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од најмалку 40% од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач):

- ***Најнизок износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец АПРИЛ 2020 година изнесува:***

***10.878,00 денари во нето износ (27.194,00 x 40%)***

- ***Највисок износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец АПРИЛ 2020 година изнесува:***

***27.194,00 денари***

**Даночно признат расход во Даночен биланс** (40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата).

***16.235,00 денари*-БРУТО износ *(40.588 x 40%)***

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,11%***

2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата *2 x 27.194*):**

***54.388,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 54.388,00 ден.**

3. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец (во висина на основицата)**

***27.194,00 денари***

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

4. **Надоместок за одвоен живот од семејството (60% од основицата**

***16.316,00 денари* (60% од *27.194,00)***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 16.316,00 ден.**

5. **Дневници за службени патувања во земјата (8% од основицата)**

***2.176,00 денари* (8% од *27.194,00)***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 2.176,00 ден**

6. **Дневници за службени патувања во странство**

- **50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- **20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- **5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на орга-нот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

7. **Помош во случај на смрт на работник** во висина од три основици

***81.582,00 денари** (3 x 27.194,00)*

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 81.582,00 ден.**

8. **Помош во случај на смрт на член на семејство** (во висина од две основици

***54.388,00 денари** (2 x 27.194)*

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 54.388,00**

9. **Помош во случај на елементарни непогоди** (во висина на основицата)

***27.194,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 27.194,00**

11. **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели** во висина до 30% од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар.

**Ослободено од данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.**

12. **Надомест при селидба на вработен за потребите за работодавачот** (во висина на стварни трошоци)

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

13. **Трошок за организирана исхрана за 2020** (во висина од **20%** од просечна нето плата, исплатена во претходната 2019 година**):**

***25.213,00 x 20% = 5.043,00 денари***

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход над 5.043,00**

Просечна исплатена месечна ***БРУТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(XII, I, II 2019/2020 година) АПРИЛ 2020 година изнесува:***

***40.536,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.37 од 20.04.2020).***

### *8.3. Најниска оснвица за придонеси за самовработени лица во 2020 година*

| |
|---|
| 1. **Самовработени лица – вршител на самостојна економска дејност** (таксисти, занаетчии)<br><br>***19.160,00 денари*** |
| 2. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (**адвокати, нотари, извршители**)**<br><br>***38.319,00 денари*** |
| 3. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност** (адвокати, нотари, извршители) **до истекот на првата година на отпочнување на дејност:**<br><br>***19.160,00 денари*** |

### *8.4. Највисока оснвица за придонеси за самовработени лица во 2020 година*

| |
|---|
| 1. ***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати.***<br>***459.828,00 денари (12 x 38.319,00 денари).*** |

### *8.5. Највисок износ на надомест за боледување што ги исплаќа Фондот за здравствено осигурување*

1. Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување (“Службен весник на РМ” 25/00...142/16; 171/17; 275/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2019 година, изнесува ***ЧЕТИРИ*** **просечни месечни нето плати исплатени во РМ во претходната 2019 година.**

***100.852,00 денари (4 x 25.213,00 денари).***

### *8.6. Највисок износ на пензија за 2020 година*

1. Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2020 година изнесува:

***49.811,00 денари***

### *8.7. Рефундирање на средствата за уплатени придонеси за инвалидни лица*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност нкако трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец АПРИЛ 2020 година*** изнесува:

***55.08000 денари (2 x 27.540,00 денари).***

### *8.8. Месечен надоместок на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка (“Службен весник на РМ” 112/14...232/19; 275/19), **МЕСЕЧНИОТ** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од Просечната Бруто плата исплатена во претходната година во РМ во висина од:

***18.723,00 денари (50% од 37.446,00 денари)***

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

### *8.9. Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд*

Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат во висина од износот од 2 просечни месечни бруто плати исплатени во претходната година на годишно ниво по вработен кои изнесуваат:

***74.892,00 денари (2 x 37.446,00 денари)***

### *8.10. Надомест од плата за ЈАВЕН сектор*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година (“Службен весник на РМ” 265/19), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

1. **Надоместок за одвоен живот од семејството (30%** од просечна месечна нето плата исплатена во РМ во претходни три месеци**)**

***8.158,00 денари (27.194 x 30%)***

**Ослободен од Данок на личен доход до 8.158,00 денари**

| |
|---|
| 2. **Помош во случај на смрт на работник**<br>***30.000,00 денари***<br>**Ослободен од Данок на личен доход до 30.000,00 денари** |
| 3. **Помош во случај на смрт на член на семејство**<br>***15.000,00 денари***<br>**Ослободен од Данок на личен доход до 15.000,00 денари** |
| 4. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години работа (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година не се исплаќа)** |
| 5. **Дневници за службени патувања во земјата (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година не се исплаќа)** |
| 6. **Дневници за службени патувања во странство:**<br>▪ **50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>▪ **20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>▪ **5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |

7. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):**

***54.412,00 денари (2 х 27.206,00)***

**Ослободен од Данок на личен доход до 54.412,00 денареи**

8. **Регрес за годишен одмор**

**(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година, не е пропишан).**

9. **Новогодишен надоместок**

(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година, не е пропишан).

10. **Надомест за боледување подолго од 6 месеци**

(еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен).

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

11. **Надомест на трошоци за селидба за потребите на работодавачот** (во висина на стварни направени трошоци).

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

12. **Надомест на трошоци за храна и превоз за лица волонтери за *АПРИЛ 2020*** (во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2019 година):

***(37.446,00 х 15%) = 5.617,00 денари***

***Ослободен од Данок на личен доход до 55.080,00 денари***

13. **Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година.**

Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници (“Службен весник на РМ” 276/2019), вредноста на бодот за **2020 година изнесува**:

***81,60 денари***

### *8.11. Надоместоци на плата за време на боледување за приватен сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 15 дена | 70% од основицата |
| Над 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови | 90% од основицата |
| Над 30 дена кога боледувањето го плаќа работодавачот | 90% од основицата |

***ОСНОВИЦА претставува просечен месечен износ на исплатена плата на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *8.12. Надоместоци на плата за време на боледување за јавен сектор*

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија („Службен весник на РМ” 10/108; 88/08;122/08; 85/09), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – која се исплатува од страна на работодавачот и тоа::

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 7 дена | 70% од основицата |
| До 15 дена | 80% од основицата |
| Од 15 до 21 ден | 90% од основицата |

| | |
|---|---|
| **за професионално заболува-ње и повреда на работа, дава-ње крв и бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***Основица претставува просечна исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

### *8.13. Испратнина при технолошки вишок*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05...27/16; 120/18; 110/19) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| **Години поминати во работен однос** | **Висина на плата** |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

**Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата да не биде помала од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.**

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *8.14. Додатоци на плата*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен вес-ник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за***:

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе.............................................................. 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

> ***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за ***јавен сектор*** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа...........................................29%***
- ***Работа ноќе..............................................................29%***
- ***Работа во три смени ..............................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

> ***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *9. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА*

### *9.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 14.500,00 ВО НЕТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **14.500,00** |
| 2. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 6.272,00 |
| **4. Данок на доход со (4 х 11,1111%)** | **697,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **15.197,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (15.197 х 1,3889)** | **21.107,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 х 18,8%) | 3.968,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 х 7,5%) | 1.583,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 х 1,2%) | 253,00 |
| 10.Придонес за дополнително (6 х 0,5%) | 106,00 |
| 11. **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **5.910,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 - 11) | 15.197,00 |
| 13. Даночно намалување за 2020 година | 8228,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12 - 13) | 6.969,00 |
| **15. Данок на доход (14 х 10%)** | **697,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6 - 11- 15)** | **14.500,00** |

### *9.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 21.107,00 ВО БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **21.107,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.968,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.583,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 253,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 106,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **5.910,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 15.197,00 |
| 8. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7– 8 ) | 6.969,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **697,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6 - 10)** | **14.500,00** |

### *9.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 19.160,00 денари во БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | **19.160,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.602,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.437,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 230,00 |
| 5.Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 96,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **5.365,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 13.795,00 |
| 8.Даночно намалување за 2020 година | 8228,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 5.567,00 |
| **10.Данок на доход (10 x 10%)** | **557,00** |
| **11.НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **13.238,00** |

***КНИЖЕЊЕ:***

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 19.160,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 19.160,00 |

***(вкалкулирана бруто плата),***

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 19.160,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 13.238,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 557,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 5.365,00 |

***(за пресметана плата, даноци и придонеси)**,*

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 13.238,00 | |
| 2340 – Персонален данок од плата | 557,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 5.365,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 19.160,00 |

***(исплатена бруто плата).***

### *9.4. Пресметка на Личен доход од работа која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 613.104,00 денари (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **613.104,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 115.264,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 45.983,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 7.357,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.066,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **171.670,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 441.434,00 |
| 8. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 433.206,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **43.321,00** |
| **11. Нето плата (1 – 6 – 10)** | **398.113,00** |

### *9.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 700.000,00 денари (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси до највисок износ | 171.670,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **528.330,00** |
| 4. Даночн намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 5. Основица за данок на доход (3 – 4) | 520.102,00 |
| 6. Данок на доход (5 x 10%) | 52.010,00 |
| **7. Нето плата (3 – 6)** | **476.320,00** |

## *ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

# КОЕФИЦИЕНТИ НА МДБ

## Коефициент на МДБ за месец МАРТ/2020 (-0,2%)

*(Службен весник на Р.С.М бр. 96/2020)*

Врз основа на член 44 од Законот за данокот од добивка (“Службен весник на Република Македонија” 112/2014...232/19; 275/19; ), Државниот Заводот за статистика го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МЕСЕЦ МАРТ 2020 ГОДИНА**

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *ПОРАСТ* |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативниот пораст на цените на мало во Република Македонија во периодот ***МАРТ 2020 година*** во однос на просечните цени на мало ***во 2019 година изнесува:*** | *-0,2%* |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок од добивка за месец ***МАРТ/2020 година*** изнесува: | *-0,2%* |

Бидејќи нема пораст на коефициент на МДБ за месец ***МАРТ 2020 година***, Месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** од годишниот данок утврден во Даночниот биланс за 2019 година ***(АОП 56)*** .

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ МАРТ/2020 ГОДИНА

*Месечен коефициент за МАРТ/2020 (0,001) .*
*Кумулативен коефициент ОД I ДО III/2020 (0,001).*

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефи-циент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечниот коефициент на порастот на цените на производителите на Индустриски производи во ***МАРТ/2020*** година во однос на ***ФЕВРУАРИ/2020*** година | ***0,001*** |
| **2.** | Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на ***МАРТ/2020*** година; | ***0,001*** |
| **3.** | Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи во ***МАРТ/2020*** година во однос на истиот месец претходната година. | ***(-0,001)*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на порастот на цените на мало во ***МАРТ/2020*** година, во однос на ***ФЕВРУАРИ/2020*** година | *(-0,002)* |
| 2. | Коефициентот на порастот на цените на мало од почетокот на годината до крајот на ***МАРТ/2020*** година | *(-0,003)* |
| 3. | Коефициентот на порастот на цените на мало ***МАРТ/2020*** година во однос на истиот месец претходната го-дина | *0,003* |

## *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на трошоците на животот во ***МАРТ/2020*** година во однос на ***ФЕВРУАРИ/2020*** година | *0,002* |
| 2. | Коефициентот на порастот на трошоците на животот во Република Македонија во периодот од почетокот на годината до крајот *на* ***МАРТ/2020*** година, во однос на просекот на трошоците на животот во ***2019*** година | *0,002* |

# П Р Е Г Л Е Д
# НА ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
# (од 31.03.2020)

Согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија објавена во **(“Службен весник на РМ” 83/2020)**, претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати, ги формираат цените за одд-елни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени изнесуваат и тоа: ***за период од 31.03.2020 до нова промена.***

**Табела 1**

**Највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти |
|---|---|---|---|
| | | | 30% |
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 48,50 | 14,55 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | До 50,50 | 15,15 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС(Д-Е В) | до 46,00 | 13,80 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ – 1) | до 35,00 | 10,50 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 18,891 | 5,67 |

## Табела 2
## Највисоки набавни цени

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти *30%* |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 11,820 | 3,55 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | до 13,627 | 4,09 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е В) | до 17,028 | 5,11 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1) | до 16,590 | 4,98 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 14,119 | 4,24 |

## Табела 3
## Еколошка такса

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,080 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,080 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,030 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,040 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,050 |

## Табела 4
## Надоместок за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,890 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,890 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,300 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,300 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,740 |

**Табела 5**

**Акцизи**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 21,962 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС – 98 | 21,850 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 15,275 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 6,320 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,100 |

# П Р Е Г Л Е Д
# НА ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
# (од 07.04.2020)

Согласно Одлуката за утврдување на највисоки мало-продажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт дон-есена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија објавена во **(“Службен весник на РМ” 91/2020),** претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати, ги формираат цените за одд-елни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени изнесуваат и тоа: ***за период од 07.04.2020 до нова промена***.

**Табела 1**

**Највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт**

| **Ред. Бр.** | **А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** | **Коефициенти** |
|---|---|---|---|
| | | | **30%** |
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 48,00 | 14,40 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | До 50,00 | 15,00 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС(Д-Е В) | до 45,00 | 13,50 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ – 1) | до 33,50 | 10,05 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 17,970 | 5,39 |

**Табела 2**
**Највисоки набавни цени**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти 30% |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 11,572 | 5,27 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | до 13,357 | 4,01 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е В) | до 16,008 | 4,80 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1) | до 15,429 | 4,629 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 13,339 | 4,00 |

**Табела 3**
**Еколошка такса**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,080 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,080 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,030 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,040 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,050 |

**Табела 4**
**Надоместок за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,890 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,890 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,300 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,300 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,740 |

**Табела 5**
**Акцизи**

| | | |
|---|---|---|
| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 21,786 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС – 98 | 21,696 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 15,448 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 6,271 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,100 |

# П Р Е Г Л Е Д
# НА ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
# (од 14.04.2020)

Согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија објавена во **("Службен весник на РМ" 99/2020),** претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати, ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени изнесуваат и тоа: ***за период од 14.04.2020 до нова промена.***

**Табела 1**
**Највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт**

| **Ред. Бр.** | **А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** | **Коефициенти** |
|---|---|---|---|
| | | | **30%** |
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 48,50 | 14,55 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | До 50,50 | 15,15 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС(Д-Е В) | до 45,00 | 13,50 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ – 1) | до 33,00 | 9,90 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 20,106 | 6,03 |

**Табела 2**
**Највисоки набавни цени**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти 30% |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 12,046 | 3,61 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | до 13,851 | 4,16 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е В) | до 16,363 | 4,91 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1) | до 15,206 | 4,56 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 15,149 | 4,54 |

**Табела 3**
**Еколошка такса**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,080 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,080 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,030 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,040 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,050 |

**Табела 4**
**Надоместок за задолжителнни резерви на нафта и нафтени деривати**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,890 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,890 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,300 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,300 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,740 |

**Табела 5**
**Акцизи**

| А | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 21,692 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС – 98 | 21,692 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 15,121 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 6,136 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,100 |

# П Р Е Г Л Е Д
# НА ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
# (од 22.04.2020)

Согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија објавена во ***("Службен весник на РМ" 106/2020),*** претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати, ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени изнесуваат и тоа: ***за период од 22.04.2020 до нова промена.***

**Табела 1**
**Највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт**

| **Ред. Бр.** | **А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** | **Коефициенти** |
|---|---|---|---|
| | | | **30%** |
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 52,00 | 15,60 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | До 54,00 | 16,20 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС(Д-Е В) | до 46,50 | 13,95 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ – 1) | до 34,00 | 10,20 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 19,123 | 5,74 |

## Табела 2
## Највисоки набавни цени

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти 30% |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 12,026 | 3,61 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | до 13,818 | 4,14 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е В) | до 14,810 | 4,44 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1) | до 13,035 | 3,91 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 14,316 | 4,29 |

## Табела 3
## Еколошка такса

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,080 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,080 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,030 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,040 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,050 |

## Табела 4
## Надоместок за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,890 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,890 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,300 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,300 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,740 |

**Табела 5**

**Акцизи**

| | | |
|---|---|---|
| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 24,692 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС – 98 | 24,692 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 18,121 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 9,136 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,100 |

# *ВИСИНА НА СТАПКАТА НА КАЗНЕНА КАМАТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Владата на РСМ во „Службен весник на РСМ" бр. 89/2020 објави Уредба со законска сила за примена на Законот за облигационите односи (Службен весник на Р.С.М. 18/01; 4/02; 05/03; 84/08; 81/09; 161/09), за време на вонредната состојба со која се определува висината на стапката на казнената камата за време на вонредната состојба.

За времетраење на вонредната состојба, стапката на казнената камата ***се определува на МЕСЕЧНО НИВО*** и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народната банка на Република Северна Македонија (референтна стапка), што важела на последниот ден од претходниот месец, зголемена за:

- **5% (пет) процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право**, **односно** зголемена за
- **4% (четири) процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (законска казнена камата).**

Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, стапката на казнената камата се определува за секој месец, и тоа во висина на **ЕДНОМЕСЕЧНА** стапка на Еурибор за евра што важела на последниот ден од претходниот месец, **зголемена за:**

- **5% (пет) процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно **зголемена за:**
- **4% (четири) процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (законска казнена камата).

# ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА КАМАТА ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

| Период | Референтна каматна стапка | Казнена камата правно и правно | Казнена камата правно и физичко | Објава на НБРМ | Стапка на ЕУРИБОР | Правно и правно | Правно и физичко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+5%) | 4=(2+4%) | 5 | 6 | 7=(6+5%) | 8=(6+4%) |
| **03.04.до 30.04. 2020** | **1,75%** | **6,75%** | **5,75%** | **31.03. 2020** | **-0,423%** | **4,577%** | **3,577%** |

# КУРСНИ ЛИСТИ

### *НА НБРМ ОД 01.04.2020 ДО 30.04.2020 ГОДИНА*

| *Земја* | *Шифра* | *Валута* | *Важи за* | *Среден курс на девизи* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *01.04.2020* | *02.04.2020* | *03.04.2020* |
| ЕМУ | 978 | EUR | 1 | 61.6950 | 61.6950 | 61.6950 |
| САД | 840 | USD | 1 | 56.3116 | 56.3116 | 56.5698 |
| Г. БРИТАНИЈА | 826 | GBP | 1 | 69.6018 | 69.6018 | 70.3157 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 756 | CHF | 1 | 58.2853 | 58.2853 | 58.4731 |
| ШВЕДСКА | 752 | SEK | 1 | 5.5776 | 5.5776 | 5.6464 |
| НОРВЕШКА | 578 | NOK | 1 | 5.3601 | 5.3601 | 5.4916 |
| ЈАПОНИЈА | 392 | JPY | 1 | 0.5189 | 0.5189 | 0.5270 |
| ДАНСКА | 208 | DKK | 1 | 8.2619 | 8.2619 | 8.2634 |
| КАНАДА | 124 | CAD | 1 | 39.5050 | 39.5050 | 39.9295 |
| АВСТРАЛИЈА | 036 | AUD | 1 | 34.3380 | 34.3380 | 34.3322 |
| БУГАРИЈА | 975 | BGN | 1 | 31.5446 | 31.5446 | 31.5446 |
| ЧЕШКА | 203 | CZK | 1 | 2.2589 | 2.2589 | 2.2391 |
| УНГАРИЈА | 348 | HUF | 1 | 0.1714 | 0.1714 | 0.1696 |
| ПОЛСКА | 985 | PLN | 1 | 13.5576 | 13.5576 | 13.5009 |
| РОМАНИЈА | 946 | RON | 1 | 12.7778 | 12.7778 | 12.7680 |
| ХРВАТСКА | 191 | HRK | 1 | 8.0906 | 8.0906 | 8.0853 |
| ТУРЦИЈА | 949 | TRY | 1 | 8.5613 | 8.5613 | 8.4903 |
| РУСИЈА | 643 | RUB | 1 | 0.7178 | 0.7178 | 0.7187 |
| БРАЗИЛ | 986 | BRL | 1 | 10.8235 | 10.8235 | 10.8193 |
| КИНА | 156 | CNY | 1 | 7.9316 | 7.9316 | 7.9723 |
| ХОНГ КОНГ | 344 | HKD | 1 | 7.2629 | 7.2629 | 7.2973 |
| ИНДОНЕЗИЈА | 360 | IDR | 1 | 0.0035 | 0.0035 | 0.0034 |
| ИЗРАЕЛ | 376 | ILS | 1 | 15.8119 | 15.8119 | 15.5102 |
| ИНДИЈА | 356 | INR | 1 | 0.7442 | 0.7442 | 0.7404 |
| ЈУЖНА КОРЕЈА | 410 | KRW | 1 | 0.0460 | 0.0460 | 0.0460 |
| МЕКСИКО | 484 | MXN | 1 | 2.3568 | 2.3568 | 2.3281 |
| МАЛЕЗИЈА | 458 | MYR | 1 | 13.0351 | 13.0351 | 12.9819 |
| НОВ ЗЕЛАНД | 554 | NZD | 1 | 33.4989 | 33.4989 | 33.5664 |
| ФИЛИПИНИ | 608 | PHP | 1 | 1.1044 | 1.1044 | 1.1119 |
| СИНГАПУР | 702 | SGD | 1 | 39.4646 | 39.4646 | 39.5050 |
| ТАЈЛАНД | 764 | THB | 1 | 1.7173 | 1.7173 | 1.7156 |
| ЈУЖНА АФРИКА | 710 | ZAR | 1 | 3.1462 | 3.1462 | 3.0577 |

| *Земја* | *Шифра* | *Валута* | *Важи за* | *Среден курс на девизи* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *04.04.2020 05.04.2020 06.04.2020* | *07.04.2020* | *08.04.2020* |
| ЕМУ | 978 | EUR | 1 | 61.6950 | 61.6950 | 61.6950 |
| САД | 840 | USD | 1 | 57.2045 | 57.1726 | 56.6789 |
| Г. БРИТАНИЈА | 826 | GBP | 1 | 70.2277 | 70.2677 | 70.0363 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 756 | CHF | 1 | 58.4953 | 58.4233 | 58.3018 |
| ШВЕДСКА | 752 | SEK | 1 | 5.6332 | 5.6195 | 5.6711 |
| НОРВЕШКА | 578 | NOK | 1 | 5.4778 | 5.4178 | 5.5609 |
| ЈАПОНИЈА | 392 | JPY | 1 | 0.5269 | 0.5249 | 0.5204 |
| ДАНСКА | 208 | DKK | 1 | 8.2603 | 8.2635 | 8.2618 |
| КАНАДА | 124 | CAD | 1 | 40.3262 | 40.3763 | 40.4319 |
| АВСТРАЛИЈА | 036 | AUD | 1 | 34.2674 | 34.6796 | 35.0978 |
| БУГАРИЈА | 975 | BGN | 1 | 31.5446 | 31.5446 | 31.5446 |
| ЧЕШКА | 203 | CZK | 1 | 2.2403 | 2.2351 | 2.2669 |
| УНГАРИЈА | 348 | HUF | 1 | 0.1690 | 0.1689 | 0.1725 |
| ПОЛСКА | 985 | PLN | 1 | 13.4808 | 13.5169 | 13.6024 |
| РОМАНИЈА | 946 | RON | 1 | 12.7714 | 12.7640 | 12.7693 |
| ХРВАТСКА | 191 | HRK | 1 | 8.0858 | 8.0906 | 8.0837 |
| ТУРЦИЈА | 949 | TRY | 1 | 8.5337 | 8.4357 | 8.3868 |
| РУСИЈА | 643 | RUB | 1 | 0.7450 | 0.7480 | 0.7472 |
| БРАЗИЛ | 986 | BRL | 1 | 10.8440 | 10.8131 | 10.8852 |
| КИНА | 156 | CNY | 1 | 8.0672 | 8.0627 | 8.0330 |
| ХОНГ КОНГ | 344 | HKD | 1 | 7.3776 | 7.3753 | 7.3115 |
| ИНДОНЕЗИЈА | 360 | IDR | 1 | 0.0034 | 0.0035 | 0.0035 |
| ИЗРАЕЛ | 376 | ILS | 1 | 15.7117 | 15.7610 | 15.7474 |
| ИНДИЈА | 356 | INR | 1 | 0.7504 | 0.7514 | 0.7501 |
| ЈУЖНА КОРЕЈА | 410 | KRW | 1 | 0.0463 | 0.0465 | 0.0468 |
| МЕКСИКО | 484 | MXN | 1 | 2.3240 | 2.2774 | 2.3355 |
| МАЛЕЗИЈА | 458 | MYR | 1 | 13.1249 | 13.0996 | 13.0522 |
| НОВ ЗЕЛАНД | 554 | NZD | 1 | 33.4880 | 33.8984 | 33.9730 |
| ФИЛИПИНИ | 608 | PHP | 1 | 1.1257 | 1.1286 | 1.1235 |
| СИНГАПУР | 702 | SGD | 1 | 39.8315 | 39.8547 | 39.8007 |
| ТАЈЛАНД | 764 | THB | 1 | 1.7330 | 1.7399 | 1.7298 |
| ЈУЖНА АФРИКА | 710 | ZAR | 1 | 3.0577 | 3.0312 | 3.0873 |

| *Земја* | *Шифра* | *Валута* | *Важи за* | *Среден курс на девизи* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *09.04.2020* | *10.04.2020* | *11.04.2020 12.04.2020 13.04.2020* |
| ЕМУ | 978 | EUR | 1 | 61.6950 | 61.6950 | 61.6950 |
| САД | 840 | USD | 1 | 56.7519 | 56.7728 | 56.3528 |
| Г. БРИТАНИЈА | 826 | GBP | 1 | 70.1494 | 70.4562 | 70.2917 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 756 | CHF | 1 | 58.4399 | 58.4344 | 58.4067 |
| ШВЕДСКА | 752 | SEK | 1 | 5.6402 | 5.6366 | 5.6769 |
| НОРВЕШКА | 578 | NOK | 1 | 5.5114 | 5.5015 | 5.5181 |
| ЈАПОНИЈА | 392 | JPY | 1 | 0.5212 | 0.5214 | 0.5198 |
| ДАНСКА | 208 | DKK | 1 | 8.2657 | 8.2638 | 8.2642 |
| КАНАДА | 124 | CAD | 1 | 40.5009 | 40.4160 | 40.3473 |
| АВСТРАЛИЈА | 036 | AUD | 1 | 35.0619 | 35.3675 | 35.7673 |
| БУГАРИЈА | 975 | BGN | 1 | 31.5446 | 31.5446 | 31.5446 |
| ЧЕШКА | 203 | CZK | 1 | 2.2696 | 2.2927 | 2.2860 |
| УНГАРИЈА | 348 | HUF | 1 | 0.1717 | 0.1739 | 0.1746 |
| ПОЛСКА | 985 | PLN | 1 | 13.5766 | 13.5338 | 13.5716 |
| РОМАНИЈА | 946 | RON | 1 | 12.7561 | 12.7654 | 12.7683 |
| ХРВАТСКА | 191 | HRK | 1 | 8.0927 | 8.0991 | 8.1007 |
| ТУРЦИЈА | 949 | TRY | 1 | 8.3600 | 8.4245 | 8.4207 |
| РУСИЈА | 643 | RUB | 1 | 0.7514 | 0.7646 | 0.7690 |
| БРАЗИЛ | 986 | BRL | 1 | 10.8731 | 11.0256 | 11.0357 |
| КИНА | 156 | CNY | 1 | 8.0313 | 8.0427 | 8.0106 |
| ХОНГ КОНГ | 344 | HKD | 1 | 7.3205 | 7.3221 | 7.2688 |
| ИНДОНЕЗИЈА | 360 | IDR | 1 | 0.0035 | 0.0036 | 0.0036 |
| ИЗРАЕЛ | 376 | ILS | 1 | 15.7974 | 15.8522 | 15.7510 |
| ИНДИЈА | 356 | INR | 1 | 0.7445 | 0.7440 | 0.7387 |
| ЈУЖНА КОРЕЈА | 410 | KRW | 1 | 0.0466 | 0.0467 | 0.0465 |
| МЕКСИКО | 484 | MXN | 1 | 2.3425 | 2.3700 | 2.4072 |
| МАЛЕЗИЈА | 458 | MYR | 1 | 13.0505 | 13.0887 | 13.0801 |
| НОВ ЗЕЛАНД | 554 | NZD | 1 | 33.9095 | 34.0330 | 34.2883 |
| ФИЛИПИНИ | 608 | PHP | 1 | 1.1222 | 1.1230 | 1.1155 |
| СИНГАПУР | 702 | SGD | 1 | 39.7596 | 39.8572 | 39.8907 |
| ТАЈЛАНД | 764 | THB | 1 | 1.7324 | 1.7298 | 1.7248 |
| ЈУЖНА АФРИКА | 710 | ZAR | 1 | 3.1218 | 3.1416 | 3.1315 |

| *Земја* | *Шифра* | *Валута* | *Важи за* | *Среден курс на девизи* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *14.04.2020* | *15.04.2020* | *16.04.2020* |
| ЕМУ | 978 | EUR | 1 | 61.6950 | 61.6950 | 61.6949 |
| САД | 840 | USD | 1 | 56.5490 | 56.2757 | 56.5853 |
| Г. БРИТАНИЈА | 826 | GBP | 1 | 70.6539 | 70.7082 | 70.6012 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 756 | CHF | 1 | 58.4454 | 58.5175 | 58.5674 |
| ШВЕДСКА | 752 | SEK | 1 | 5.6648 | 5.6519 | 5.6434 |
| НОРВЕШКА | 578 | NOK | 1 | 5.5124 | 5.4540 | 5.3881 |
| ЈАПОНИЈА | 392 | JPY | 1 | 0.5242 | 0.5243 | 0.5268 |
| ДАНСКА | 208 | DKK | 1 | 8.2646 | 8.2676 | 8.2660 |
| КАНАДА | 124 | CAD | 1 | 40.4664 | 40.4372 | 40.2446 |
| АВСТРАЛИЈА | 036 | AUD | 1 | 35.9989 | 35.9968 | 35.6639 |
| БУГАРИЈА | 975 | BGN | 1 | 31.5446 | 31.5446 | 31.5446 |
| ЧЕШКА | 203 | CZK | 1 | 2.2842 | 2.2966 | 2.2858 |
| УНГАРИЈА | 348 | HUF | 1 | 0.1745 | 0.1759 | 0.1761 |
| ПОЛСКА | 985 | PLN | 1 | 13.4944 | 13.5674 | 13.5949 |
| РОМАНИЈА | 946 | RON | 1 | 12.7706 | 12.7619 | 12.7527 |
| ХРВАТСКА | 191 | HRK | 1 | 8.1036 | 8.1039 | 8.1071 |
| ТУРЦИЈА | 949 | TRY | 1 | 8.3323 | 8.2843 | 8.2158 |
| РУСИЈА | 643 | RUB | 1 | 0.7686 | 0.7674 | 0.7597 |
| БРАЗИЛ | 986 | BRL | 1 | 10.9046 | 10.9031 | 10.8017 |
| КИНА | 156 | CNY | 1 | 8.0158 | 7.9744 | 8.0125 |
| ХОНГ КОНГ | 344 | HKD | 1 | 7.2951 | 7.2604 | 7.3000 |
| ИНДОНЕЗИЈА | 360 | IDR | 1 | 0.0036 | 0.0036 | 0.0036 |
| ИЗРАЕЛ | 376 | ILS | 1 | 15.8363 | 15.7065 | 15.6538 |
| ИНДИЈА | 356 | INR | 1 | 0.7399 | 0.7389 | 0.7396 |
| ЈУЖНА КОРЕЈА | 410 | KRW | 1 | 0.0463 | 0.0463 | 0.0464 |
| МЕКСИКО | 484 | MXN | 1 | 2.3825 | 2.3868 | 2.3656 |
| МАЛЕЗИЈА | 458 | MYR | 1 | 13.0547 | 12.9862 | 13.0395 |
| НОВ ЗЕЛАНД | 554 | NZD | 1 | 34.3801 | 34.2598 | 33.8555 |
| ФИЛИПИНИ | 608 | PHP | 1 | 1.1150 | 1.1126 | 1.1154 |
| СИНГАПУР | 702 | SGD | 1 | 39.9450 | 39.7494 | 39.7186 |
| ТАЈЛАНД | 764 | THB | 1 | 1.7284 | 1.7204 | 1.7315 |
| ЈУЖНА АФРИКА | 710 | ZAR | 1 | 3.1244 | 3.0808 | 3.0222 |

| *Земја* | *Шифра* | *Валута* | *Важи за* | *Среден курс на девизи* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *17.04.202 18.04.2020 19.04.2020 20.04.2020 21.04.2020* | *22.04.2020* | *23.04.2020* |
| ЕМУ | 978 | EUR | 1 | 61.6950 | 61.6950 | 61.6950 |
| САД | 840 | USD | 1 | 56.6633 | 56.9300 | 56.7728 |
| Г. БРИТАНИЈА | 826 | GBP | 1 | 70.7812 | 70.0125 | 70.1717 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 756 | CHF | 1 | 58.6677 | 58.6622 | 58.6287 |
| ШВЕДСКА | 752 | SEK | 1 | 5.6655 | 5.6320 | 5.6382 |
| НОРВЕШКА | 578 | NOK | 1 | 5.4050 | 5.3721 | 5.2832 |
| ЈАПОНИЈА | 392 | JPY | 1 | 0.5268 | 0.5301 | 0.5273 |
| ДАНСКА | 208 | DKK | 1 | 8.2680 | 8.2721 | 8.2713 |
| КАНАДА | 124 | CAD | 1 | 40.1686 | 40.0799 | 40.1268 |
| АВСТРАЛИЈА | 036 | AUD | 1 | 35.7321 | 35.7321 | 35.8713 |
| БУГАРИЈА | 975 | BGN | 1 | 31.5446 | 31.5446 | 31.5446 |
| ЧЕШКА | 203 | CZK | 1 | 2.2805 | 2.2478 | 2.2407 |
| УНГАРИЈА | 348 | HUF | 1 | 0.1765 | 0.1738 | 0.1737 |
| ПОЛСКА | 985 | PLN | 1 | 13.6228 | 13.6219 | 13.6045 |
| РОМАНИЈА | 946 | RON | 1 | 12.7540 | 12.7540 | 12.7493 |
| ХРВАТСКА | 191 | HRK | 1 | 8.1167 | 8.1499 | 8.1499 |
| ТУРЦИЈА | 949 | TRY | 1 | 8.1709 | 8.1545 | 8.1169 |
| РУСИЈА | 643 | RUB | 1 | 0.7652 | 0.7407 | 0.7416 |
| БРАЗИЛ | 986 | BRL | 1 | 10.8256 | 10.7074 | 10.6617 |
| КИНА | 156 | CNY | 1 | 8.0133 | 8.0240 | 8.0161 |
| ХОНГ КОНГ | 344 | HKD | 1 | 7.3106 | 7.3458 | 7.3255 |
| ИНДОНЕЗИЈА | 360 | IDR | 1 | 0.0036 | 0.0036 | 0.0036 |
| ИЗРАЕЛ | 376 | ILS | 1 | 15.7860 | 16.0155 | 16.0247 |
| ИНДИЈА | 356 | INR | 1 | 0.7371 | 0.7400 | 0.7418 |
| ЈУЖНА КОРЕЈА | 410 | KRW | 1 | 0.0462 | 0.0462 | 0.0461 |
| МЕКСИКО | 484 | MXN | 1 | 2.3464 | 2.3373 | 2.3379 |
| МАЛЕЗИЈА | 458 | MYR | 1 | 12.9462 | 12.9519 | 13.0057 |
| НОВ ЗЕЛАНД | 554 | NZD | 1 | 33.8797 | 33.9338 | 33.8984 |
| ФИЛИПИНИ | 608 | PHP | 1 | 1.1133 | 1.1198 | 1.1198 |
| СИНГАПУР | 702 | SGD | 1 | 39.7033 | 39.7776 | 39.7827 |
| ТАЈЛАНД | 764 | THB | 1 | 1.7350 | 1.7493 | 1.7539 |
| ЈУЖНА АФРИКА | 710 | ZAR | 1 | 3.0486 | 2.9970 | 3.0182 |

| *Земја* | *Шифра* | *Валута* | *Важи за* | *Среден курс на девизи* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *24.04.2020* | *25.04.2020 26.04.2020 27.04.2020* | *28.04.2020* |
| ЕМУ | 978 | EUR | 1 | 61.6954 | 61.6950 | 61.6963 |
| САД | 840 | USD | 1 | 57.2739 | 57.1250 | 56.8525 |
| Г. БРИТАНИЈА | 826 | GBP | 1 | 70.7516 | 70.5102 | 70.7040 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 756 | CHF | 1 | 58.6960 | 58.6176 | 58.4411 |
| ШВЕДСКА | 752 | SEK | 1 | 5.6662 | 5.6745 | 5.6733 |
| НОРВЕШКА | 578 | NOK | 1 | 5.3571 | 5.3748 | 5.3877 |
| ЈАПОНИЈА | 392 | JPY | 1 | 0.5330 | 0.5308 | 0.5309 |
| ДАНСКА | 208 | DKK | 1 | 8.2727 | 8.2727 | 8.2713 |
| КАНАДА | 124 | CAD | 1 | 40.5198 | 40.6610 | 40.4433 |
| АВСТРАЛИЈА | 036 | AUD | 1 | 36.4673 | 36.4133 | 36.7349 |
| БУГАРИЈА | 975 | BGN | 1 | 31.5448 | 31.5446 | 31.5453 |
| ЧЕШКА | 203 | CZK | 1 | 2.2393 | 2.2591 | 2.2696 |
| УНГАРИЈА | 348 | HUF | 1 | 0.1726 | 0.1737 | 0.1740 |
| ПОЛСКА | 985 | PLN | 1 | 13.5956 | 13.6240 | 13.6234 |
| РОМАНИЈА | 946 | RON | 1 | 12.7404 | 12.7419 | 12.7551 |
| ХРВАТСКА | 191 | HRK | 1 | 8.1446 | 8.1690 | 8.1690 |
| ТУРЦИЈА | 949 | TRY | 1 | 8.2494 | 8.1862 | 8.1420 |
| РУСИЈА | 643 | RUB | 1 | 0.7654 | 0.7674 | 0.7665 |
| БРАЗИЛ | 986 | BRL | 1 | 10.5164 | 10.2606 | 10.2268 |
| КИНА | 156 | CNY | 1 | 8.0902 | 8.0695 | 8.0271 |
| ХОНГ КОНГ | 344 | HKD | 1 | 7.3896 | 7.3704 | 7.3357 |
| ИНДОНЕЗИЈА | 360 | IDR | 1 | 0.0037 | 0.0037 | 0.0037 |
| ИЗРАЕЛ | 376 | ILS | 1 | 16.1477 | 16.2419 | 16.1894 |
| ИНДИЈА | 356 | INR | 1 | 0.7529 | 0.7490 | 0.7468 |
| ЈУЖНА КОРЕЈА | 410 | KRW | 1 | 0.0465 | 0.0463 | 0.0464 |
| МЕКСИКО | 484 | MXN | 1 | 2.3421 | 2.2992 | 2.2830 |
| МАЛЕЗИЈА | 458 | MYR | 1 | 13.1362 | 13.1007 | 13.0574 |
| НОВ ЗЕЛАНД | 554 | NZD | 1 | 34.3764 | 34.2921 | 34.4807 |
| ФИЛИПИНИ | 608 | PHP | 1 | 1.1306 | 1.1240 | 1.1220 |
| СИНГАПУР | 702 | SGD | 1 | 40.2423 | 40.0721 | 40.0860 |
| ТАЈЛАНД | 764 | THB | 1 | 1.7721 | 1.7612 | 1.7509 |
| ЈУЖНА АФРИКА | 710 | ZAR | 1 | 3.0032 | 3.0092 | 3.0227 |

| *Земја* | *Шифра* | *Валута* | *Важи за* | *Среден курс на девизи* | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *29.04.2020* | *30.04.2020* |
| ЕМУ | 978 | EUR | 1 | 61.6950 | 61.6949 |
| САД | 840 | USD | 1 | 56.7206 | 56.9036 |
| Г. БРИТАНИЈА | 826 | GBP | 1 | 70.8486 | 70.6053 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 756 | CHF | 1 | 58.2798 | 58.3624 |
| ШВЕДСКА | 752 | SEK | 1 | 5.7401 | 5.7477 |
| НОРВЕШКА | 578 | NOK | 1 | 5.4702 | 5.4729 |
| ЈАПОНИЈА | 392 | JPY | 1 | 0.5316 | 0.5341 |
| ДАНСКА | 208 | DKK | 1 | 8.2734 | 8.2733 |
| КАНАДА | 124 | CAD | 1 | 40.6450 | 40.7792 |
| АВСТРАЛИЈА | 036 | AUD | 1 | 36.8681 | 37.0429 |
| БУГАРИЈА | 975 | BGN | 1 | 31.5446 | 31.5446 |
| ЧЕШКА | 203 | CZK | 1 | 2.2659 | 2.2745 |
| УНГАРИЈА | 348 | HUF | 1 | 0.1733 | 0.1735 |
| ПОЛСКА | 985 | PLN | 1 | 13.5689 | 13.5766 |
| РОМАНИЈА | 946 | RON | 1 | 12.7351 | 12.7377 |
| ХРВАТСКА | 191 | HRK | 1 | 8.1607 | 8.1564 |
| ТУРЦИЈА | 949 | TRY | 1 | 8.1055 | 8.1427 |
| РУСИЈА | 643 | RUB | 1 | 0.7646 | 0.7729 |
| БРАЗИЛ | 986 | BRL | 1 | 10.1133 | 10.4007 |
| КИНА | 156 | CNY | 1 | 8.0147 | 8.0413 |
| ХОНГ КОНГ | 344 | HKD | 1 | 7.3184 | 7.3421 |
| ИНДОНЕЗИЈА | 360 | IDR | 1 | 0.0037 | 0.0037 |
| ИЗРАЕЛ | 376 | ILS | 1 | 16.2014 | 16.2108 |
| ИНДИЈА | 356 | INR | 1 | 0.7476 | 0.7522 |
| ЈУЖНА КОРЕЈА | 410 | KRW | 1 | 0.0465 | 0.0467 |
| МЕКСИКО | 484 | MXN | 1 | 2.3258 | 2.3590 |
| МАЛЕЗИЈА | 458 | MYR | 1 | 13.0018 | 13.0887 |
| НОВ ЗЕЛАНД | 554 | NZD | 1 | 34.3590 | 34.5998 |
| ФИЛИПИНИ | 608 | PHP | 1 | 1.1211 | 1.1266 |
| СИНГАПУР | 702 | SGD | 1 | 40.0435 | 40.2078 |
| ТАЈЛАНД | 764 | THB | 1 | 1.7487 | 1.7552 |
| ЈУЖНА АФРИКА | 710 | ZAR | 1 | 3.0405 | 3.0873 |

# РОКОВИ ПРИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ ВО ЈУНИ/2020 ГОДИНА

**Даночниот роковник** е Ваш потсетник за навремено поднесување на даночните пријави во законски предвидените рокови. Во календарот даден е преглед на даночните обврски и роковите во кои треба да ја поднесете Вашата даночна пријава по одделни видови даноци.

Доколку рокот до кога треба да се поднесе соодветната даночна пријава е Сабота, Недела или Државен празник, тогаш тој се поместува за првиот следен работен ден. Но, сепак би Ви препорачале даночните обврски да ги исполните пред навршувањето на крајните рокови прикажани во Табелата.

| ОБВРСКА | РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ |
|---|---|
| **Образец**: ПДД-МИ/ИС<br>**Забелешка**: Исплатувач на добивки од посебни игри на среќа (казино, обложувалница и автомат клуб)<br>Доставување: Електронска достава до Управа за јавни приходи на РМ | ***до 7 Април*** |
| **Образец:** МП - ИН<br>**Забелешка:** Доставување на податоците за месечна пресметка на плата, придонеси и персонален данок за месец МАРТ 2020 год.<br>**Доставување:** Електронска достава до Управа за јавни приходи на РМ | ***до 10 Април*** |
| **Плаќање на данок на добивка**<br>**Обврзници:** Сите правни субјекти освен: обврзник со посебен даночен статус (*заштитно друштво за вработување на инвалиди, стопанска единица на КПУ, или корисник на технолошко индустриска развојна зона, како и трговските друштва кои сеобврзници на паушал на вкупен приход).* | ***до 15 Април*** |

| | |
|---|---|
| **Напомена: Образецот “МДБ“ немате обврска да го доставувате до УЈР** | |
| **Образец:** ВХВ-1/Извештај за состојба и про-мени на вложувања во сопственички хартии од вредност и удели во инвестициски фондови и ВХВ-2/Извештај за состојба и промени на вложувања во должнички хартии од вредност<br>**Обврзници:** Резиденти кои можат да вложуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари<br>**Доставување: НБРМ** | *до 20 Април* |
| **Образец:** МИ/Месечен извештај за трансакции во странство<br>**Обврзници:** Резидентите кои имаат сметки во странство, евидентни сметки или имаат одобрение за девизен максимум, односно во работењето вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари<br>**Доставување:** Образецот МИ се доста-вува до Народна банка на Република Македонија | *до 20 Април* |
| **Образец:** ДДВ-04 (за време на вонредна состојба)<br>**Обврзници:** Месечни и тромесечни дано-чни обврзници за 2020 година<br>**Доставување:** Електронска достава до Управа за јавни приходи на РМ | *до 30 Април* |
| **Образец**: **КИПО- Квартален извештај за побарувања обврски за I квартал /2020 година**<br>**Обврзници**: Резиденти кои што врз основа на постапка на избор на примерок се определени од страна на НБРМ<br>**Доставување**: Достава до НБРМ | *до 30 Април* |

## *ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*

***дипл. економист: Ромео Костадинов***

### *ИЗРАБОТКА И МОНТАЖА НА ПАРАВАНИ ОД ПЛЕКСИГЛАС И ПРЕНЕСЕНА ДДВ ОБВРСКА*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали при изработка и монтажа на паравани од плексиглас се применува механизмот на пренесена ДДВ обврска, согласно член 32-а од Законот за ДДВ?

***ОДГОВОР:***

Врз основа на одредбите од Законот за ДДВ ("Службен весник на РМ 44/99...198/18" и "Службен весник на РСМ" 98/19, 124/19 и 275/19), се врши оданочување со данокот на додадена вредност и се уредува неговото пресметување и плаќање.

Согласно одредбите од член 2 од Законот, предмет на оданочување со данокот на додадена вредност, претставува:

1. Прометот на добра и услуги (во натамошниот текст: промет) **кој се врши со надоместок во земјата** од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и

2. Увозот на добра.

Даночен обврзник, согласно одредбите од член 32 од Законот за ДДВ е вршителот на прометот, кој е регистриран за цели на ДДВ.

Согласно одредбите од член 32-а, даночен должник е даночниот обврзник (регистриран ДДВ обврзник), кон кого од страна на друг даночен (ДДВ) обврзник, се извршени следниве промети на добра и услуги:

1) градење, вклучувајќи одржување, реконструкција и отстранување на градби или нивни делови, кога примател на прометот е инвеститорот, а вршителот на прометот е изведувачот на работите и во случај кога примател на прометот е изведувачот, а вршител на прометот е подизведувачот на работите, согласно со законот со кој се уредува градењето;

2) прометот со употребен материјал и употребен материјал кој не може повторно да се користи во иста состојба, отпад, индустриски и неиндустриски отпадни материјали, отпаден материјал кој може да се рециклира, делумно преработен отпад и

3) пренос на движен и недвижен имот во постапка на присилна наплата согласно со Законот за даночна постапка и во постапка за присилно извршување согласно со Законот за извршување, кога доверителот се стекнува со доброто.

ДДВ обврзник кон кого се врши промет е даночен должник и во случај на плаќање кое го врши однапред (аванс), пред да биде извршен прометот на добрата и услугите од член 32-а.

Владата на РМ поблиску ги определи добрата и услугите за кои се применува принципот на пренесена ДДВ обврска, со донесување на Одлуката за определување на добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник (“Службен весник на РМ” 45/14).

Во член 2 точка 15в од Одлуката е пропишано: поставување на столарија, вклучувајќи меѓу другото: в) внатрешни завршни работи како што се тавани, **подвижни преградни ѕидови**, кои спаѓаат под одредбите на член 32-а, односно се применува механизмот на пренесена ДДВ обврска.

Според тоа, не постои дилема за примена на член 32-а, по основа на прометот за изработка и монтирање на заштитата - параваните од плексиглас, кои потпаѓаат под поставување на подвижни преградни ѕидови, согласно член 2, точка 15в од Одлуката за определување на добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник.

Согласно наведеното, врз прометот на изработка и монтирање на заштитни паравани од плексиглас, се применува механизмот на пренесена ДДВ обврска од член 32-а од Законот за ДДВ и член 2 точка 12в од Одлуката.

## *ОСНОВИЦА ВИСИНА И ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ЗА ВРЕМЕ НА БОЛЕДУВАЊЕ*

### *ПРАШАЊЕ:*

Во која висина се исплатува надоместокот на плата за време на боледување?

### *ОДГОВОР:*

**Основица за утврдување на надоместокот на плата**

Согласно член 16 од Законот за здравствено осигурвање, (“Службен весник на РМ” 25/00…171/17; 275/20), ОСНОВИЦА за пресметување на надоместокот на плата претставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместокот.

Ако за осигуреникот не може да се утврди основица за надоместокот, основицата за надоместокот ќе се утврди од платата што ја остварил за деновите поминати на работа во периодот пред настанување на случајот.

За ***САМОВРАБОТЕНОТО ЛИЦЕ, ОСНОВИЦА*** за пресметување на надоместок на плата претставува основицата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување.

Согласно член 105 став 3 од законот за Работни односи (“Службен весник на РМ” 62/08…12/18; 110/19; платата е составена од Основната плата, Дел од платата за работната успешност и Додатоците, ако со друг закон поинаку не е определено.

Од изнесеното произлегува дека надоместот на плата за време на боледување може да се утврди врз основа на исплатената плата која е определена со договорот за вработување, која се сосатои од основна плата, плата по основ на работна успешност и додатоци од плата за време на годишен одмор, празници и неработни денови согласно закон и други надоместоци, на кои се платени придонеси.

**Висина на надоместокот на плата**

Согласно член 17 од Законот, висината на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа ја определува работодавецот, односно Фондот со општ акт, но најмалку во висина од 70% од основицата за надоместокот на плата.

Висина на надоместок на плата кога надоместокот за боледување го исплаќа работодавачот, во согласност со член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор, за време на времена неспособност за работа (боледување), работникот има право на надомест во следниве случаи:

| Време | Право на надомест |
|---|---|
| **до 15 дена** | **70%** од основицата утвр-дена со закон |
| **над 15 дена** почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови | **90%** од основицата |
| Како и надомест на плата во случај утврдени со закон, **кога боледувањето над 30 дена го плаќа работодавачот.** | **90%** од основицата |

По исклучок, висината на надоместокот на плата за време на привремената спреченост за работа предизвикана ***со повреда на работа, професионална болест, за време на давање крв, ткиво или орган, како и за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100% од основицата на надоместокот на плата.***

Висината на надоместокот на плата пресметан врз основа на членот 16 на Законот ***не може да биде повисока*** од ***износот четири просечни месечни плати која за 2020 година изнесува:***

***(4 x 25.213,00) 100.852,00 денари.***

**Исплата на надоместокот на плата**

Согласно член 18 од Законот, надоместокот на плата за првите 30 дена спреченост за работа го утврдува и исплатува работодавецот од своите средства, а над 30 ден Фондот.

По исклучок, надоместокот на плата се исплатува од средствата на Фондот од првиот ден на привремената спреченост за работа во случај на:

- ***Нега на болно дете до тригодишна возраст,***
- ***Доброволно давање крв, ткиво или орган,***
- ***Бременост, раѓање и мајчинство.***

По исклучок, во случај кога привремената спреченост за работа поради повреда на работа настанала како последица од необезбедување на мерките утврдени со прописите од обласна на безбедноста и здравјето при работа од страна на работодавачот, надоместокот на плата за целиот период на привремена спреченост на работа настаната како последица од необезбедување на мерките утврдени со прописите од обласна на безбедноста и здравјето при работа од страна на работодавачот е на товар на работодавачот, согласно со прописите од обласна на работните односи.

Ако доброволен дарител на крв не остварил надоместок на платата кај работодавецот кај кого е вработен, за отсуство од работа поради доброволно дарување крв, може да бара тоа право да го оствари на товар на средствата на Фондот.

**Оцена за спреченост за работа**

Согласно член 20 од Законот, оцена за привремената спреченост за работа за првите 15 дена **ДАВА ИЗБРАНИОТ ЛЕКАР** од примарната здравствена заштита, **А НАД 16 ДЕНА** дава првостепената лекарска комисија на Фондот по предлог на избраниот лекар.

Осигуреникот е должен оцената за привремена спреченост за работа издадена од избраниот лекар од примарната здравствена заштита, односно од првостепената лекарска комисија на Фондот по предлог на избраниот лекар да ја достави

до работодавачот, односно Фондот тво рок од осум дена од истекот на секој од роковите искажани претходно, во спротивно осигуреникот е должен да се јави на работа.

Избраниот лекар од примарната здравствена заштита, односно лекарските комисии должината на траењето на спреченоста за работа ја утврдуваат во зависност од видот на болеста, повредата или потребата за нега на болен член од потесното семејство.

Доколку осигурениот не е задоволен од оцената на лекарот односно лекарската комисија, може да поднесе приговор до првостепената лекарска, односно до второстепената лекарска комисија.

Работодавецот, односно Фондот во зависност од тоа кој врши исплата на надоместокот на плата може да поднесе Барање за преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа до првостепената, односно втростепената лекарска комисија.

**Запирање на исплатата на надоместокот**

Согласно член 23 од Законот, осигуреникот не може да оствари, односно ќе му се запре исплата на надоместокот на платата за време на привремената спреченост за работа ако:

- Неоправдано не се јави на определен лекарски или комисиски преглед и лекување или свесно не се придр-жува кон упатствата на лекарот,
- Во времето на привремената спреченост за работа се утврди дека работи и остварува приход и
- На работодавецот кај кого нема други вработени, а во тој период остварува приходи.

***ДОЗВОЛА ЗА ДВИЖЕЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПОЛИЦИСКИ ЧАС***

***ПРАШАЊЕ:***

Кој и како може да побара Дозвола за движење за правни лица и вработени во нивната фирма за време на важење на Одлуката за забрана за движење за време на полициски час?

***ОДГОВОР:***

Врз основа на Одлуката за утврдување на постоење на вонредна состојба објавена во Службен весник на РСМ бр.68/2020 од 18.03.2020 година како и Одлука за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија Службен весник на РСМ бр.72/2020 од 21.03.2020 година со која се забранува движење на населението во временски период од 21:00-06:00 часот со цел спречување на ширење на заразната болест COVID -19 и заштита на населението на Република Северна Македонија, а заради потребата од одржување на континуитет на работниот процес и организацијата на работата на компаниите во смени и ноќна работа, Владата на Република Северна Македонија објави дека на сите компании кои работат во смени ќе мораат да побараат дозвола за движење за време на траењето на забраната за движење.

Министерството за информатичко општество и администрација ќе биде надлежен орган за издавање на дозволи. Дозволите ќе се издаваат за вработените во органите на државната власт (извршна и судска) кои имаат потреба од дежурства, а не можат да ги прилагодат според периодот на забраната за движење, како и за вработените во здравствените организации (вклучително и приватните) и општинските кризни штабови. Исто така , дозволите ќе важат и за медиумите, лекарите, погребалните претприатија како и за приватниот сектор.

- **Органите на државната власт** (извршна и судска) кои имаат потреба од дежурства и општинските кризни штабови треба да доставаат неделни распореди за вработените за кои се потребни дозволите за движење,

како и табела со следните податоци за вработените: име и презиме, ЕМБГ, мобилен телефон, меил и причини поради кои е потребна дозволата.

- ✓ **Општинските кризни штабови** доставуваат податоци преку Заедницата на единици на локални самоуправи (ЗЕЛС) до Министерството за информатичко општество и администрација на меил адресата: cabinet@mioa.gov.mk.

Податоците потребно е да ги достават секој ден - најдоцна до недела 12:00 часот, за наредната работна седмица.

Пријавата се доставува до МИОА на меил адресата: cabinet@mioa.gov.mk.

- **Вработените во здравствените организации** (вклучително и приватните), здравствените организации треба да се достават податоци за сите вработени лица: име и презиме, ЕМБГ, мобилен телефон и меил. Пријавата се доставува до МИОА на меил адресата: cabinet@mioa.gov.mk.

- **Медиумските работници** и другите вработени во медиуми кои се дел од мобилните екипи на медиумот (фотографи, камермани и останат технички персонал) се потребни следните информации: - име и презиме, ЕМБГ, мобилен телефон, меил и причини поради кои е потребна дозволата.

Оваа информација е потребна за секоја работна недела поединечно.

Образецот е потребно да се достави до Министерството за информатичко општество и администрација на следната меил адресата: cabinet@mioa.gov.mk најдоцна до денеска (23.03.2020 година) до 17:00 часот за тековната работна недела (заклучно со 29.03.2020 година).

За останатите работни седмици потребно е информациите да се достават секој ден најдоцна до недела 12:00 часот, за наредната работна седмица.

Дозволите ќе се издаваат на сите медиуми кои се регистрирани во регистарот на ААВМУ (Регистар на печатени медиуми / Регистар на телевизии / Регистар на радија), како и сите онлајн медиуми од Регистарот на Советот за етика во медиумите на Македонија и Здружението на новинари на Македонија (Регистар на професионални онлајн медиуми).

Министерството за информатичко општество и администрација е задолжено да издава дозволи за движење за време на траење на забраната за движење и за пекарите/бурекџилниците и погребалните претпријатија.

- **Пекарите/бурекџилниците** се потребни следните информации:
  - тековна состојба за правното лице, не постара од 6 месеци,
  - фотографија од објектот во кој се врши дејноста,
  - име и презиме, ЕМБГ, мобилен телефон, меил и причини поради кои е потребна дозволата. Образецот на табелата во прилог на ова известување, заедно со скенирана тековна состојба и фотографија од објектот е потребно да се достави до Министерството за информатичко општество и администрација на меил адресата: cabinet@mioa.gov.mk .

- **Погребалните правни лица** се потребни следните информации:
  - име и презиме, матичен број, мобилен телефон, меил и причини поради кои е потребна дозволата.

Оваа информација е потребна за секоја работна седмица поединечно.

Образецот на табелата е во прилог на ова известување и е потребно да се достави до Министерството за информатичко општество и администрација на меил адресата: cabinet@mioa.gov.mk најдоцна до денеска (23.03.2020 година) до 17:00 часот за тековната работна недела (заклучно со 29.03.2020 година).

За останатите работни седмици потребно е да ги достават секој ден најдоцна до недела 12:00 часот, за наредната работната седмица.

Сите погоре споменати правни лица потребно е веднаш да го известат Министерството за информатичко општество и администрација во случај на промени на неделните распореди на меил адресата: cabinet@mioa.gov.mk

- **Вработените во медиуми кои извршуваат работни задачи во просториите на самиот медиум** (периодот меѓу 21:00 часот и 6:00 часот наредниот ден), работодавачот е потребно да го извести Државниот инспекторат за труд и на овие вработени им издава потврда во рамки на самата организација

- **Вработените во приватни фирми кои работат во смени** (периодот меѓу 21:00 часот и 6:00 часот наредниот ден), работодавачот е потребно да го извести Државниот инспекторат за труд и на овие вработени им издава потврда во рамки на самата организација.

Во прилог образец/потврда, што секој работодавач во приватна фирма треба да го издаде за вработените кои е неопходно да работата во смени, односно после 21:00 часот. Образецот, вработениот има обврска да го покаже при идентификација, на службеното лице од Министерството за внатрешни работи.

**Обрасци служат како дозвола за движење единствено од домот до работното место и назад.**

**Образец потврда за Дозвола за движење на вработен поради вршење на сменска и ноќна работа**:

***Образец табела:***

| **Име** | **презиме** | **ЕМБГ** | **е-маил адреса** | **мобилен телефон** | **Причина за движењето** | **Институција која бара** | **Институција во која е вработен корисникот** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - | | | |
| | | | | - | | | |
| | | | | - | | | |
| | | | | - | | | |

Датум :

Врз основа на Одлуката за утврдување на постоење на вонредна состојба објавена во Службен весник на РСМ бр.68/2020 од 18.03.2020 година, (колективен договор за стопанството, колективен договор кај работодавач да се додаде во текстот доколку имаат склучено таков), а во врска со донесената Одлука за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија Службен весник на РСМ бр.72/2020 од 21.03.2020 година со која се забранува движење на населението во временски период од 21:00-06:00 часот со цел спречување на ширење на заразната болест COVID -19 и заштита на населението на Република Северна Македонија, а заради потребата од одржување на континуитет на работниот процес и организацијата на работата на компанијата во смени и ноќна работа, компанијата ________________________ ја издава следната :

**Дозвола за движење на вработен**
**поради вршење на сменска и ноќна работа**

Со која потврдуваме дека работникот _______________-_______________ (име и презиме), со ЕМБГ ________________, со ________________ (адреса на живеење), од _____________ (место), вработен на работно место ______________________, сектор _________________________, (во понатамошниот текст работникот).

Работникот работи во производствен погон на компанијата _______________________ (назив), на адреса __________________, место _____________.

Вработениот ги извршува своите работни задачи во смена:

- 3 смена во период од
- 4 смена во период од

Оваа потврда се издава на вработениот како доказ дека неговиот излез од просториите, објектите и домаќинството каде живее, односно неговото движење на јавни места е неопходно, поради вршење на неговите работни задачи во компанијата ______________________ (назив), кое што движење е од местото на живеење до местото на работа и обратно, како и вршење на работните обврски во наведениот производствен погон.

Оваа потврда се издава поради воведената вонредна состојба и мерката за забрана за движење на населението со цел истата да се даде на увид пред надлежните државни органи и истата неможе да се користи за други цели.

Контакт телефон на одговорното лице За компанијата